# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Седумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 септември 2004 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, Сала 1, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Дами и господа, пред да почнеме со седницата, дозволете, иако господинот Рустеми не е тука да му го честитам роденденот, и од мене еден мал подарок, една музичка нумера.

Повелете маестро пуштете ја.

(Се слуша пријатна музика).

Господине Рустеми честитам уште еднаш, бидејќи сте присутни тука за роденденот, ова беше музичка нумера. Сакам една интимна тајна да кажам, ова е инаку омилената песна на мојата сопруга. Насловот на песната е “Една година љубов”, но кај нас постои 27 години љубов. (Аплауз).

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Седумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Игор Ивановски, Неждет Мустафа, Ванчо Георгиев, Љубе Бошковски, Љубчи Георгиевски, Петар Наумовски, Коце Трајановски, Никола Груевски, Иван Стоиљковиќ, Стојан Андов, Трифун Костовски, Али Ахмети и Мендух Тачи, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 68 пратеници, иако се притиснати 53. За да бидеме доследни службите нека го утврдат бројот.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија; претседателот и членовите на Владата на Република Македонија; претседателот на Рупубличкиот судски совет; претседателот на Државната изборна комисија.

Записниците од 67-мата, 73-тата, 74-тата и 75-тата седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците. (Нема).

Констатирам дека записниците од 67-мата, 73-тата, 74-тата и 75-тата седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Сега ќе го вклучам системот, за да видиме колку време нам ни треба да усвоиме дневен ред.

Пратеникот Каме Петров предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со “Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Тетово”.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Го молам пратеникот Каме Петров да ја образложи итната и неодложна потреба, Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор пратеникот Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Благодарам почитуван претседателе. Врз основа на членовите 42 и 45 од Законот за судовите, “Службен весник на Република Македонија” број 36/95 и 64/2003, Собранието на Република Македонија на денешната седница го молиме да ја донесе одлуката за огласување на избор на претседател во Основниот суд во Тетово.

Одлуката за огласување е потреба за кадровско екипирање и ажурно работење на судот.

Затоа врз основа на член 66 од Деловникот, сметам дека има итна и неодложна потреба, оваа точка да се разгледа и усвои на денешната седница на Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на пратеникот Каме Петров, Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника, гласале 60 пратеника, 57 за, 1 воздржан, 2 против.

Констатирам дека Предлогот на пратеникот Каме Петров е усвоен.

Пратениците Елеонора Петрова Митевска, Киро Дојчиновски, Михајло Георгиевски, Роза Топузова Каревска, Гајур Сарач, Јордан Михајловски и Фазли Велиу, предлагаат дневниот ред на оваа седнива да се дополни со "Предлог на програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2005 година".

Предлогот на програмата Ви е доставен.

Молам, еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба, Предлогот на програмата да биде разгледан на оваа седница.

Има збор госпоѓа Елеонора Петрова Митевска.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА МИТЕВСКА:

Благодарам господине претседателе,

Минатите години кога се донесуваше програмата за одбележување на значајни личности од македонската историја, тоа се правеше секогаш доцна и овие одбележувања не можеа да влезат во Буџетот на Република Македонија за наредната година.

Оваа година Комисијата на време ја заврши работата и се надева дека со навременото влегување на програмата како точка на дневен ред на седницата на Собранието на Република Македонија ќе може да очекува дека значајните настани и личности од историјата на Република Македонија, ќе се најдат и во Буџетот на Република Македонија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на пратениците, Предлогот на програмата да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеника, 58 за, нема воздржан, 2 против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Предлогот на пратениците е усвоен.

Пратениците Јани Макрадули, Рафиз Алити, Замир Дика и Чедо Михајловски предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за надоместок на трошоците за избор на претседател на Република Македонија 2004 година, на организаторите на изборната кампања кои истакнале кандидати за претседател на Република Македонија.

Предлогот на Одлуката Ви е доставен.

Молам еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор г. Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Бидејќи станува збор за една законски третирана материја, малку и доцниме со целата оваа постапка. Сметам дека на оваа седница треба после поднесените извештаи од страна на партиите да ја ставиме оваа точка и да ја изгласаме разпределбата на трошоците направени за време на претседателските избори.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на пратениците Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, 60 гласале за, нема воздржан, 1 против.

Констатирам дека предлогот на пратениците е усвоен.

Претседателот на Републичкиот судски совет предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлогот за разрешување на судија и претседател на Основниот суд Скопје 1 - Скопје и Предлог за разрешување на судии на Основиот суд Скопје 1 - Скопје.

Предлозите Ви се доставени.

Го молам претставникот на Републичкиот судски совет да ја образложи потребата и предлозите за разрешување да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор членот на Републичкиот судски совет господинот Југослав Миленковиќ.

ЈУГОСЛАВ МИЛЕНКОВИЌ:

Благодарам господине претседателе.

Причината поради која Републичкиот судски совет предлага на оваа седница на Собранието на Република Македонија да се расправа по Предлогот за разрешување на претседателот и двајца судии на Основниот суд Скопје 1 - Скопје се рефлексиите кои настануваат во тој суд, најголем суд во Република Македонија на ниво на основните судови од постапката пред Републичкиот судски совет околу одговорноста на претседателот и двајцата судии на тој суд.

Притоа тие рефлексии предизвикуваат такви проблеми во работењето на судот да се рефлектираат на ажурноста на судот, а од друга страна обврска на Републичкиот судски совет, согласно уставните овластувања член 105 и член 2 од Законот за Републичкиот судски совет, според кој Републичкиот судски совет придонесува во извршувањето на судската власт, Републичкиот судски совет оценува дека е неопходно таа точка да оди со извесен приоритет.

Тоа се причините поради кој се предлага оваа точка да биде на седница на Собранието.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на Републичкиот судски совет, Предлогот за разрешување на судија и претседател на Основниот суд Скопје 1 - Скопје да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, 57 гласале за, 3 воздржани, 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на Републичкиот судски совет, Предлогот за разрешување на судии на Основниот суд Скопје 1 - Скопје да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеника, 57 гласале за, 2 воздржани, 6 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Државната изборна комисија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на финансиски план за утврдување на трошоците за спроведување на референдумот согласно Одлуката за распишување на рефенрендум број 07-3553/1 од 3 септември 2004 година и надоместоците на членовите и органите за спроведување на референдум.

Предлогот на финансискиот план Ви е поделен.

Го молам претставникто на Државната изборна комисија да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на финансискиот план да биде разгледан на оваа седница.

Има збор претседателто на Државната изборна комисија, господинот Стево Пендаровски.

СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ:

Благодарам претседателе, почитувани пратеници,

На почетокот на секој изборен циклус, во овој случај на почетокот на процедурата, согласно членот 104 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за организирање на референдумот, на почетокот на секој изборен циклус, во овој случај на почетокот за организирање и спроведување на референдумот, се утврдува финансиски план со кој изборната комисија ќе може да ја извршува својата надлежност. Затоа предлагам да биде точка на дневен ред и да биде усвоено понатаму, ДИК и остатокот од изборните органи можат несметано да ја завршат својата работа за успешно организирање на референдумот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на ДИК, предлогот на финансискиот план да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 61 пратеник гласале за, 2 воздржани, и 2 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Предлогот предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на членови на ДИК, секретар и нивни заменици.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор претседателот на комисијата за прашања на изборите и именувањата Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Благодарам, г-дине претседателе,

Како што спомнавте, Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 20 септември 2004 година врз основа на предлозите на овластени предлагачи за именување на ДИК и нивни заменици, во делот на нивните предлози, без оглед на основот врз основа на кој им престанал мандатот, утврди предлог-одлука за изменување на Одлуката за именување на членови на ДИК и нивни заменици. Затоа, врз основа на одредбите на

деловникот на Собранието на Република Македонија, мислам дека има итна и неодложна потреба оваа одлука да се донесе на денешната седница.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, предлогот на одлуката да се разгледа на оваа сендица го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 60 пратеници гласале за, 4 гласале воздржано, 3 пратеници гласале против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:

1. Предлог за разрешување на Апелациониот суд во Битола;

2. Предлог за разрешување на судија и претседател на Основниот суд во Струга;

3. Предлог на одлука за огласување и избор на претседател на Основниот суд во Тетово;

4. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Основниот суд во Велес;

5. Предлог за именување член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија;

6. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување членови на ДИК, секретар и нивните заменици;

7. Предлог за разрешување на судија и претседател на Основниот суд Скпоје 1 - Скопје;

8. Предлог за разрешување на судии на Основниот суд Скопје 1 - Скопје;

9. Предлог на Финансиски план за утврдување на трошоците за спроведување на референдумот согласно Одлуката за распишување на референдум, број 07- 3553/1 од 3.08.2004 година и надоместоците на органите за спроведување на референдумот;

10. Предлог за донесување на закон за гарантирање на враќање на средствата кои Европската банка за обнова и развој ги става на располагање на Владата на Република Македонија во

процесот на пред приватизација, за стекнување со акции при приватизацијата на АД “Електростопанство на Македонија”, со Предлог на закон;

11. Предлог на закон за стоковни резерви;

12. Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем и финансирање, наменет за забрзување на развојот на мали и средни претпријатија во Република Македонија, кој ќе се склучи помеѓу Македонската банка за поддршка на развојот и Кредитната банка за обнова од СР Германија, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за внатрешна ревизија во јавниот сектор, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за царинска тарифа, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за користење и располагање со стварите на државните органи;

16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал, Протоколот за превенција, спречување и казнување за трговија со лица, особено жени и деца, со кој се дополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и Протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден или воздушен пат, со кој се дополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата број 144 за трипартитните консултации за унапредување на примената на меѓународните стандарди на трудот и Препораката број 152 за трипартитни консултации за унапредување на примената на меѓународните стандарди на трудот и национална акција на трудот на Меѓународната организација на трудот, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за формирање совет за цивилно - воено планирање во

вонредни ситуации за земјите од Југоисточна Европа, со Предлог на закон;

19. Предлог на закон за вино;

20. Предлог на закон за идентификација и регистрација на животните;

21. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ловство, со Предлог на закон;

22.. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка;

23. Предлог на закон за Управната инспекција;

24. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за државните службеници, со Предлог на закон;

25. Нацрт на закон за општата управна постапка;

26. Предлог за донесување на закон за извршување и обезбедување;

27. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за договорен залог, со Предлог на закон;

28. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон;

29. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, со Предлог на закон;

30. Предлог на програма за одбележување годишнини на зна
чајни настани и истакнати личности во 2005 година:

31. Предлог на одлука за надоместок на трошоците за избор на претседател на Република Македонија, 2004 година, на организаторите на изборната кампања кои истакнале кандидати за претседател на Република Македонија:

32. Мислење и предлози на Комитетот за односи меѓу заедниците во врска со состојбите во основното и средното образование, со посебен осврт на остварувањето на правото на

настава на јазикот на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија во областа на образованието.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред?

Повелете г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВКСИ:

Јас имам нешто процедурално г-дине претседателе, нека биде ова последна седница на ваков начин ние дневниот ред од 25 да го направиме 35 точки. Мислам дека предлозите кои што се дадени од поедини пратеници, оној што е по однос на судовите е во ред и е коректно. Но во однос на она што го добиваме како материјал за кој што треба да расправаме и за кој што денеска еве не сме ни спремни, освен материјалот кој што го имаме за одбележување на празниците, мислам дека можевме да бидеме информирани барем еден ден порано, да можеме да ги носиме материјалите и да можеме да дискутираме. Сега, се наоѓаме во една ситуација кога амблок треба да прифаќаме нешто што едноставно ќе помине без дискусија. Мислам дека не е коректно, затоа што наредната седница е веќе на 14 октомври и можеме ова да го направиме и тогаш. Ако можеше претходниот пат да се донесе во месец мај, сега мислам дека 15 дена не се ниаков проблем идниот пат да разговараме и да дадеме некои други предлози кои што ќе го поддржат тој предлог закон.

Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Мавровски, тука не можам воопшто да ви помогнам ништо, овие закони ќе дојдат после три-четири дена секако, мнозинството излгаса да бидат точки на дневен ред.

Г-дине Иванов вие имате збор.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Точката под реден број 12, а тоа е Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по договорот за заеми и финансирање, наменет за забрзување на развојот на мали и средни претпријатија во Република Македонија, кој ќе се случи помеѓу македонската банка за поддршка на развојот и кредитна банка за обнова од Германија, со Предлог на закон, да дојде како точка 1 од дневниот ред, затоа што овој заем треба што побрзо да се ефектуира. Тој е навистина заем под исклучително поволни услови и е една од најзначајните точки од дневниот ред на оваа седница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот точката 12 да биде точка 1 го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 15 пратеници гласале за, 49 пратеници гласале против и 1 пратеник гласал воздржано.

Констатирам дека Предлогот не е усвоен.

Госпоѓа Пеева вие имате во врска со дневниот ред, повелете.

АНГЕЛКА ПЕЕВА - ЛАУРЕНЧИЌ:

Благодарам претседателе,

Почитувани колеги, барам поддршка од вас точката 27 со новиот предлог кое што гласи - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за договорен залог, со Предлог на закон да оди веднаш по Кадровските решенија по новиот предлог или точка 9, заради отсуство, поради службено патување, Собраниско службено патување на еден од предлагачите. Однапред ви благодарам за поддршката.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на г-ѓа Ангелка Пеева - Лауренчиќ, точката околу договорен залог, да биде како точка 9, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 60 пратеници гласале за предлогот, 4 пратеници гласале воздржано, 5 пратеници гласале против.

Констатирам дека предлогот на госпоѓа Пеева е усвоен.

Дали има некој друг? (Нема)

Со оваа измена која што ја усвоивме сега пред малку, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, 64 пратеници гласале за, 2 пратеници биле воздржани, 7 пратеници биле против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Дали некој има предлози околу измена на точките на дневен ред.

Господине Караџоски, Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе,

Јас барам процедурално, барам 15 минути пауза, пожитуван претседателе,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во чие име барате пауза.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Од името на пратеничка група.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не сте вие координатор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Тука е заменикот координатор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Заменикот е госпоѓа Бонева и имам известување.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Дозволете почитуван претседателе,

Незнам сега врз основа на што вие констатиравте дека Силвана Бонева е заменик.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Врз основа на тоа што имам добиено допис.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Од кого имате добиено претседателе?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не мислам да дискутирам.

Јас претседателски давам 15 минути пауза.

(По паузата седницата продолжи со работа во 10,50 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Повелете господине Караџоски имате процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе, сакам да им образложам на пратениците, а и на јавноста зошто побаравме пауза.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ одржа координација во времето додека беше паузата, па би сакал да ве известам вас и другите пратеници дека согласно членот 31 став 4 каде пишува дека пратеничката група определува координатор на пратеничка група и еден или повеќе заменици, ќе ве молам почитуван претседателе, онаа одлука која ја прочитавте утринава за смена на заменик координаторот да не

ја применувате затоа што пратеничката група е таа која, согласно овој член, прави промена на координатори.

Вие почитуван претседателе денеска ќе бидете известени писмено, со потписи од пратениците на пратеничката група. Значи, додека не го добиете тоа, јас би ве замолил, да ја почитувате онаа стара одлука, а не некоја неовластена. Блгодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара во врска со редоследот на точките од дневниот ред, или има доставено барање? (Никој).

Бидејќи нема никој, дневниот ред дефинитивно е утврден.

Минуваме на првата точка од дневниот ред - **Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Битола.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара зор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Пред малку имавме 72 пратеника.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Почитувани пратеници, предлогот Илија Адамоски да биде разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеника, 54 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Службите нека го утврдат бројот.

Ве молам побргу влегувајте во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

(Во салата се присутни 63 пратеника).

Во салата беа присутни 62 пратеника во моментот кога гласавме.

Констатирам дека Илија Адамоски е разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Минуваме на точка 2 - **Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Струга.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Гоце Ибушевски да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Струга го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 56 гласале за, 1воздржан, 1 против.

Во салата се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека Гоце Ибушевски е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Струга, по негово барање.

Минуваме на точка 3 - **Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Тетово.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 52 гласале за, 5 воздржани, 1 против.

Во салата се присутни 65 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на претседател на Основниот суд во Тетово.

Минуваме на точка 4 - **Предлог на одлука за огласување избор на судии на Основниот суд во Велес.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 60 гласале за, 4 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судии на Основниот суд во Велес.

Минуваме на точка 5 - **Предлог за именување на член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Бранко Брајковски да биде именуван за член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, 53 гласале за, 4 воздржано, 2 против.

Во салата се присутни 66 пратеника.

Констатирам дека Бранко Брајковски е именуван за член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Минуваме на точка 6 - **Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување членови на Државната изборна комисија, секретар и нивни заменици.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам претседателе, со оглед на фактот дека денес на самата седница е ставена оваа точка на дневен ред, стручните служби веќе изготвуваат амандман по однос на оваа одлука, би ве замолил за пауза од 15 минути.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза од 15 минути.

(по паузата седницата продолжи со работа во 11,25 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по шестата точка.

Пратеникот Блаже Стојановски поднесе амандман на точка 2 алинеја 7, по кој претставникот на предлагачот не се произнел.

Го молам претставникот на Комисијата да се произнесе.

Има збор г-динот Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен, дали некој бара збор.

Повелете г-дине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседатле, почитувани колеги пратеници,

Денес на дневен ред е поставена измена на членови на ДИК, кое што е предизвикано од неспоивост на функциите на одредени нејзини членови со функциите кои што тие ги обавуваат денес.

На оваа неспоивост беше укажано уште пред почетокот на претседателските избори, меѓутоа, за жал во тој период парламентарното мнозинство не ги слушна аргументите кои што ги кажувавме и не изврши промена. Меѓутоа, денес се работи за доекипирање на ДИК односно надминување на законската пречка која произлегува од неспоивоста на функциите, генерален секретар на Владата на Република Македонија и член на ДИК, како и претседател на Врховниот суд на Република Македонија , на кое место е избран  г-динот Дане Илиев.

Меѓутоа, во целата одлуката која што е предложена од страна на Комисијата, се разбира тоа е направено врз основа на претходни консултации со политичките партии, се појавува една дилема. Ако веќе промената на овие двајца членови на ДИК се однесува на неспоивост на нивните функции, генерален секретар на Владата...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Блаже Стојановски зборувајте за вашиот амандман ве молам. Не отворајте поширока расправа, само за амандманотзборувајте.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Г-дине претседателе јас зборувам само за амандманот, бидејќи амандманот произлегува од овие работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не споменувајте го г-дине Дане Илиев итн, зборувајте за вашиот амандман, а вашиот амандман е сосема јасен и прецизен, ве молам.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Мојот амандман во писмена форма е доставен до пратениците, тие го имаат прочитано, јас го образложувам и дозволете ми да го образложам. Ве молам да ме оставите да го образложам.

Значи, ако причините за промената на два членови на ДИК произлегуваат од неспоивоста на нивните сегашни функции со функцијата член на ДИК се поставува

прашањето која е причината за промената на членот на ДИК, г-динот Кирил Андоновски, со нов член кој што е предложен од страна на раководството на ВМРО-ДПМНЕ. Ова особено се поставува како прашање, не само заради фактот што и самиот член на ДИК не беше информиран за ваквиот чин односно ваквата активност што ја презеде раководството на ВМРО-ДПМНЕ, туку се појавува и заради фактот што г-динот Кирил Андоновски за цело време беше член на ДИК, како претставник на опозицијата и цело време, исклучително добро и квалитетно ја вршеше својата работа и за неговата работа, за време на претседателските избори, апсолутно немаше никакви забелешки од страна на било кој член од раководството на ВМРО-ДПМНЕ. Значи г-динот Кирил Андоновски е поставен во ДИК, а не слушнавме некоја забелешка ни од членовите, ниту од претседателот на ДИК, во поглед на неговата активност и работа како член на ДИК. Овде неможе да стане ништо друго освен задоволување на некои други потреби кои не произлегуваат од функционирањето на ДИК и на тој начин Собранието се става во функција на решавање на внатре партиски проблеми кои ги продуцира раководството на ВМРО-ДПМНЕ, со цел да се изврши поставување на веќе што мислат дека ќе им бидат послушни во поглед на нивната работа. Значи не се работи за претставник на опозиционата ВМРО-ДПМНЕ, туку за претставник на еден дел од раководството на ВМРО-ДПМНЕ, по единици, кои ја предлагаат оваа измена.

Факт е дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ работи како пратеничка група врз основа на платформата што има добиено доверба од страна на граѓаните при изборите во 2002 година, и на тој начин фактот дека пратеничката група претставува орган или дел од ВМРО-ДПМНЕ кој треба да носи одлуки..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Стојановски, ве замолувам, она што вие овде го спомнавте дека Парламентот не треба да се вклучува во расправата, внатре партиска, вие сега тоа го правите. Ве молам ако сте завршиле со образложението, добро, ако не завршете побрзо и да седнете на своето работно место.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Г-дине претседателе, врз основа на кој член од Деловникот ме замолувате да завршам побрзо?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Врз основа на тоа што навистина Парламентот не го интересираат внатре партиските работи и проблеми во некоја партија. Вие имавте амандман, го

образложивте и ве молам завршете. Инаку ќе ве прекинам, ако продолжите да зборувате за вашите внатре партиски проблеми.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас зборувам за предлогот што е даден за измена на претставник на ВМРО-ДПМНЕ, со друг претставник кој исто така треба да биде претставник на ВМРО-ДПМНЕ, затоа што тој предлог е даден без образложение. Ако има образложение овде предлагачот односно Комисијата, или оној кој доставил предлог до Комисијата, тогаш слободно може да излезе и да го даде тоа образложение. Во ваква ситуација кога не постои никакво образложени за промена на г-динот Киро Андоновски со г-динот Трајко Вељновски, јас неможам ништо друго да зборувам освен да наѓам кои се причините за негова смена, затоа што, реално, во поглед на неговата активност и неговата работа, како член на ДИК, никој досега не дал апсолутно никакви забелешки. Од овие причини сметам дека овој амандман е издржан, апсолутно држи место и не треба во Парламентот да се става во функција на работи кои не се однесуваат на функционирањето на ДИК и навистина не треба да претставуваат предмет на дискусија во овој Парламент.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Оваа ваша последна констатација целосно ја прифаќам. Но, по таа констатација и вие треба да се однесувате.

Дали некој друг бара збор?

Повелете г-дине Китановски имате збор.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе, колеги пратеници,

Мојата дискусија по однос на овој амандман ќе биде малку или многу поразлична од претходната односно ќе се држам само до она што законските прописи го предвидуваат, во врска со предлагање и избор на членови на ДИК. Во контекст на тоа, член 13, став 4 од Законот за избор на пратеници, ќе цитирам "двајца членови на ДИК и нивни заменици, ги предлагаат политичките партии во опозиција, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови". Значи јасно произлегува дека легитимно и легално право на ВМРО-ДПМНЕ, како политичка партија во опозиција, која освоила најголем број гласови на последните парламентарни избори, значи нејзино легално и легитимно политичко право е, и законско со овој член, да предложи член во ДИК. Никој, ниту пратеник, ниту политичка организација неможе и не смее да се стави над словото на Законот, затоа

што ако тоа се направи тогаш практично се прекршува Законот за избор на пратеници односно ќе треба да се направи измена во Законот за избор на пратеници, токму во овој цитиран член, за да се отвори можност за ускратување на политичката партија, значи согласно член 13 став 4, политичката партија да може да предлага членови и нивни заменици во ДИК. Секоја друга дискусија апсолутно нема никакви допирни точки ниту со правото ниту со легалитетот ниту со Законот кој го регулира ова прашање, ниту пак со досегашната работа и пракса на Комисијата за избор и именување и со Парламентот, во однос на ова прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Стојановск барате реплика?

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Согласно Законот, децидно стои дека политичките партии во опозиција, кои на парламентарните избори освоиле најголем број на гласови. Тие најголем број гласови значат број на пратеници во Републичкиот парламент. Ако мнозинството, големото мнозинство на пратеници во Републичкиот парламент што се израз на волјата на оние што гласале во 2002 година, за ВМРО-ДПМНЕ, не се согласува со вакви промени и ако Парламентот е тој кој носи одлука за вакви промени, тогаш, апсолутно не држи место фактот дека промената произлегувала само од законските можности. Законските можности се едно, меѓутоа образложение за причините за промена или за престанок на мандатот на член на ДИК, јас ќе ве потсетам дека во Законот за избор на пратеници стои дека мандатот на членовите на ДИК е четири години. Тој е започнат некаде во 2002 година и сеуште трае. Прекинот на мандатот на член на ДИК треба да биде образложен.

Јас уште еднаш повикувам, на нас како пратеници да ни се достави образложение зошто се прекинува мандатот на членот ДИК, г-динот Кирил Андовски и на тој начин да имаме можност да одлучуваме врз основа на реални аргументи, а не врз основа на желби на поединци кои сакаат да менуваат некого.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Краљевски вие имате реплика.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Се јавувам за дискусија.

Почитувани колеги,

Јас веднаш на почетокот да кажам дека го подржувам амандманот на колегата Блаже Стојаноски, од следната причина:

Членот на ДИК предложен од партијата ВМРО-ДПМНЕ, Кирил Андоновски кој со предложената Предлог одлука на Комисијата за избор и именување, се менува, се супституира со друг член, исто така предложен од партијата ВМРО-ДПМНЕ, не е во ред да биде сменет, бидејќи ако партијата ВМРО-ДПМНЕ која е овластен предлагач и иницијатор за таквата одлука и која учествуваше на последните претседателски избори, најде нешто што не е во духот на соодветно застапување на ставовите на партијата која го предложила за член во ДИК, тогаш тоа требаше да го стори веднаш по завршувањето на претседателските избори. Вака, на овој начин, со ова авременска дистанца, сметам дека се во прашање некои други мотиви на иницијаторот за смена на г-динот Кирил Андоновски. Од тие причини сметам дека не треба на Собранието да му се наметнува нешто што е присутно во партијата на ВМРО-ДПМНЕ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На Собранието нема ништо да му се наметнува. Има Правилник, поднесен е амандман и Собранието ќе гласа по свое убедување.

Дали некој друг бара збор?

Повелете г-ѓа Којзеклиска имате збор.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас ќе бидам кратка, ќе кажам само за она што го апсолвираа некои од пратениците во претходните дискусии.

Значи, имаме органи за спроведување на изборите и тоа ДИК, регионални изборни комисии, општински изборни комисии и избирачки одбори.

Согласно член 13, она што го цитираше колегата Китаноски, членот 4, дека двајца членови на ДИК и нивните заменици ги предлагаат политичките партии во опозиција, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови. На тоа ќе го надоврзам ставот 6 кој не беше прочитан, незнам од кои причини а кој вели: “членови и нивните заменици, од ставовите 4 и 5 на овој член, се именуваат во рок од 30 дена од денот на одржувањето на конститутивната седница на Собранието, за време од 4 години”.

Ако на ова се додаде дека членовите на ДИК се поделени во однос на мандатот, двајцата членови кои се предлагаат од судии на Врховниот суд, имаат мандат од пет години. Останатие членови кои се предлагаат од политичките партии се со мандат од четири години, секретарот на ДИК има мандат од пет години. Значи, законодавецот кога го донесувал овој Закон за избор на пратеници, размислувал дека на овие органи за спроведување на изборите им е потребен мандат. Значи

мандатот треба да им трае согласно тежината на изборите и процесот на изборите и она што го одлучуваат, зависи од составот на телата односно органите за спроведување на изборите. Значи овде ние го врзуваме односно овој амандман се врзува со мандатот на членот на ДИК, независно дали е од опозиција или од позиција, согланcо ставовите 4 и 5.

Значи, ако веќе на членови на ДИК или на други органи за спроведување на изборите им е даден рок во кој тие треба да одлучуваат и да бидат членови на тие органи за спроведување на изборите, мора да постоја причини поради кои на тие членови им се одзема мандатот. Поради тоа јас го подржувам амандманот од колегата Блаже Стојаноски и ќе гласам за, со оглед на фактот што, ако ние не го подржиме амандманот, упатувам апел и до колегите од позицијата, ако не го подржиме амандманот, тогаш ние ќе го прекршиме Законот за избор на пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Г-дине Китановски, вие имате реплика?

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Да.

Колешката Којзеклиска мислам дека отвори еден друг проблем што е присутен, а тоа е член 13 став 6, дека членовите и замениците на ДИК се именуваат во рок од 30 дена од денот на одржување на конститутивната седница на Собранието, за време од четири години. Тоа, овој состав на Собранието , од денот на неговата конститутивна седница, не го стори. Меѓутоа, тоа отвора прашање за легитимитет и легалитет на целокупниот состав на ДИК. Собранието, очигледно не постапило по член 13 став 6 од Законот за избор на пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Аамандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеници, 46 гласале за, 19 воздржани, 7 гласале против.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Продолжуваме со претресот по Шестата точка.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 55 гласале за, еден воздржан, 4 против.

Ги службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 78 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

Минуваме на седмата точка од дневниот ред - **Предлог за разрешување на судија и претседател на Основниот суд Скопје 1 - Скопје**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Боро Тасевски да биде разрешен од функцијата судија и од функцијата претседател на Основниот суд Скопје 1 Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Гласале 62 пратеника, 53 пратеници гласале за, 2 воздржано и 7 против.

Констатирам дека Боро Тасевски е разрешен од функцијата судија и од функцијата претседател на Основиот суд Скопје 1 - Скопје.

**Преминуваме на Осмата точка - Предлог за разрешување на судии на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.**

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот Мирјана Ивановска - Бојаџиева да биде разрешена од функција судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Молам,кој бара збор?

Повелете господине Стојановски, имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Фактот дека зборуваме за разрешување на судии, особено и претседател на Основен суд, покажува дека Собранието не се занимава со така банална работа, затоа што со големи ѕвона е прокламирана намерата да се обезбеди што поголема независност на судството во Република Македонија.

Меѓутоа, кога се работи за разрешување на претседател на Основниот суд, тоа поминува без никаква дискусија, што навистина не е в ред.

Иако добивме во писмена форма образложение од Републичкиот судски совет за причините кои довеле до разрешувањето на овие тројца судии, значи оној кој што е на дневен ред, оној кој што беше претходно изгласан и овој кој што претставува дел од дневниот ред после оваа точка, претставува ништо друго туку знак за начинот на кој се однесува Републичкиот судски совет кон Парламентот. Што сакам да кажам? Сакам да кажам дека ние како пратеници го добивме образложението во писмена форма, меѓутоа никој јавно не знае што содржи тоа, затоа што тоа не излегува јавно додека не биде презентирано.

Оттука, сметам дека доблесно ќе беше претставник на Републичкиот судски совет пред отворањето на расправа за мотивите и причините за разрешување на овие тројца судии да даде образложение кои се тие мотиви, кои се тие причини и на тој начин да го запознае Парламентот и јавноста за причините за носењето на таков предлог и доставувањето на таквиот предлог од страна на Републичкиот судски совет до Републичкиот Парламент. Во спротивно, сметам дека необјаснувањето и сведувањето на една медиумска презентација дека овие тројца судии учествувале во донесувањето на накаква одлука која не била законска, како што вели Републичкиот судски совет, не значи ништо, затоа што во правосудниот систем имаме основни, имаме апелациони судови, имаме Врховен суд, што значи дека има двостепеност на таа постапка и поднесувањето на правни лекови е начинот на кој ,може да се утврди законитоста на секоја судска одлука. Доколку не е тоа така и доколку не се примени овој принцип и пристап при оценувањето на судските одлуки, се става целокупното судство, односно сите судии во една ситуација на страв да не бидат сменети и секоја одлука која ја носат ќе помислат три пати дали да ја донесат онака како што сака власта или онака како што кажува словото на законот.

За да не се случат ваквите пораки, односно да не бидат почуствувани ваквиот вид пораки и од страна на судиите и од страна на македонската јавност и со цел да не се доведе под сомнение работата на Републичкиот судски совет, со оглед на фактот дека неговото именување претходно значеше пензионирање на претходните членови на Републичкиот судски совет,со брзо одбивање на Уставниот суд на Иницијативата за уставност на тие измени на законот, сметам дека на овој начин само се потврдува онаа теза која во тој период ја кажувавте, а тоа е дека Републичкиот судски совет може да ги избира своите постапки и предлози во согласност со тенденциите кои постојат во владеачките партии за дисциплинирање на одделни студии или давање поука на сите судии дека на овој начин ќе поминат сите доколку не судат онака како што кажува власта.

Значи, на овој начин целосно се девалвира независната позиција кон која се стремиме сите ние на судовите, на судството во Република Македонија. Истовремено и при самиот избор на судиите и при нивната работа не се зема предвид квалитетот на нивната раборта, бројот на предметите, тежината на предметите кои ги решиле, колку од тие предмети се потврдиле од стана на апелационите судови, колку од тие предмети се укинати од страна на апалеационите судови, прашањето зошто Врховниот суд не зазема некои општи ставови кои треба да бидат задолжителни за сите пониски судови во Република Македонија и на тој начин да се спречи разнообразноста во одлуките кои се однесуваат на сосема иста проблематика. Значи цело време зборуваме само дека ние се бориме за реализација на реформа во судството, а истовремено правиме работи кои директно се во спротивност со обезбедувањето на независна позиција на правосудството во Република Македонија.

Сето ова говори за начинот на кој владее оваа Влада и за постапките кои ги спроведува во континуитет во поглед на принципот на почитувањето на принципот на владеењето на правото, затоа што со поставувањето на личности и сменувањето на личности кои не се подобри заради одредени прашања, не значи ништо друго туку создавање еден систем во кој постојано ќе постои страв дека законот нема да се почитува, дека многу се побитни некои лични или политички влијанија отколку словото на законот и словото на Уставот на Република Македонија.

Сметам дека самиот предлог за разрешување на судии на овој начин вака без образложение, без притоа да се каже колку тие судии носеле одлуки, колку се укинати, колку не се укинати, каков е квалитетот на тие одлуки, каква е тежината на споровите по кои тие одлучувале, а имајќи го предвид и фактот дека ние како пратеници тука добивме допис во кој сите вработените во Основниот суд даваат поддршка на работењето и на несменвуањето на овие тројца судии не значи ништо друго туку факт дека ова е притисок врз судството, ова е притисок кој што треба да им одржи лекција и на останатите судии да судат обнака како што сака власта.

Затоа, јас ќе бидам против разрешувањето на овие судови од принципиелни причини затоа што реформите во судството не претпоставуваат дисциплинирање на судиите, туку обезбедување услови за независно одлучуање врз основа на Уставот и законите на Република Македонија по секој конкретен предмет. Заради тоа, доблесно би било кога Републичкиот судски совет би ја преиспитал оваа одлука и би ги разгледал останатите страни на фунционирањето и работењето на овие судии и усно, јавно пред целата македонска јавност да каже дали еден случај за кој се

спомнува претставува единствен аргумент за сменување на судиите или во прашање е нешто друго или ќе бидам приморан, кога ќе дојде именувањето на судии, особено претседател на Основниот суд во Скопје уште еднаш да го потсетам Републичкиот судски совет кои се причините за промена на овие судии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Стојановски.

Повелета господине Макрадули, три минути реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Сосема накратко да потсетам дека по претходната точка, кога имавме разрешување на судија и претседател на Основниот суд никој не дискутираше. Се искористи втората точка да се кажат некои работи. Не навлегувам во правните работи, саамо сакам да потсетам дека и партијата ВМРО-ДПМНЕ во два наврати се обрати во јавноста по повод  инцидентот кој што е причина за разрешувањето. Првиот пат зошто е ослободен, а потоа по критиките дека е на слобода и после неговото приведување дојдоа пак пофалби од нивна страна дека е добро и дадоа поддршка што тоа е направено.

Затоа сметам дека оваа дискусија на господинот Стојановски, која сакаше да ја завитка во една правна форма, не го отсликува вистинскиот став кој го менуваат, гледаме, во зависност од тоа дали некој човек е на слобода или не па затоа го користат во политичка пресметка со позицијата или во случајот со Републичкиот судски совет. Мислам дека не држат тие аргументи, затоа ќе потсетам за тоа што го искажале во јавноста и дека и тие се залагале за нешто и за спроведување на правото, што во овој случај не е направено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Контра реплика за господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Ќе бидам многу краток и ќе повторам само мал дел од моето излагање, а тоа е еден предмет по кој не е изјавена жалба за кој Републичкиот судски совет кажува дека се работело за ненадлежен суд, ако имало ненадлежен суд, тогаш имало органи кои можеле да поднесат жалба во однос на оваа одлука, а од друга страна, неприкажувањето колку пресуди имаат донесено овие судии, колку се потврдени од тие пресуди, а колку се укинати од страна на повисоките судови, какво е нивното работење во целиот период на нивната судиска работа е оној аргумент кој што барам да го даде Републичкиот судски совет, затоа што ако го нема него ќе сметам

дека се работи за испраќање порака до судиите дека треба да судат како штоќе каже власта.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор претставникот на Републичкиот судски совет.

ЈУГОСЛАВ МИЛЕНКОВИЌ:

Почитуван господин претседател, почитувани дами и господа пратеници,

Републичкиот судски совет очекуваше дека на оваа седница ќе се даде политичка конотација на Предлогот за разрешување на претседателот и судијата на Основниот суд Скопје 1, како и на двајцата судии кривичари во Основниот суд Скопје 1 - Скопје, кои како Кривичен совет постапувале во случајот на осудениот Изаир Самии и кои постапувале во стадиум на молба за прекин на извршување на затворската казна на осудениот Самии. Но политичката квалификација што беше упатена на сметка на Републичкиот судски совет, Републичкиот судски совет ќе ја демантира со правни факти, бидејќи тоа е неговиот простор на анализа и на аргументирање на предлог, во случајот за разрешување. Најкратко тие правни факти се следните:

После правосилна пресуда на Основниот суд Скопје 1, донесена на 5 февруари 2002 година од кривичен совет со кој претседавале и судија Мирјана Ивановска - Бојаџиева и после второстепено произнесување на Апелациониот суд во Скопје на 27 ноември 2003 година, токму судија Мирјана Ивановска - Бојаџиева ја испратила правосилната пресуда на извршување до Основниот суд во Тетово. Очигледно е дека и таа сметала дека извршувањето треба да се изврши од Основниот суд во Тетово и тоа од претседателот на судот, како што и го насловила доставувањето на својата пресуда. Оттука се гледа дека и таа знаела дека според Законот за извршување на санкциите тој суд, повторувам Основниот суд во Тетово е надлежен да постапува во насока на извршување на пресудата донесена од Основниот суд Скопје 1. Наместо тоа, гледаме дека на 11 мај 2004 година - дозволете едно прецизирање, доставувањето е извршено на 28 јануари 2004 година, а за тоа постојат докази. Само три ипол месеци после тоа дејство гледаме дека истиот судија Мирјана Ивановска - Бојаџиева постапува, сега како член на Кривичен совет на Основниот суд Скопје 1, по молба од бранителот на осудениот за прекина на извршувањето на кривичната санкција, иако повторувам дека знаела дека надлежен суд за извршувањето, вклучувајќи и одлагање на извршувањето, како и прекин на извршувањето е надлежен Основниот суд во Тетово. Тоа е едниот

комплекс на факти, кој укажува дека и кај нив самите не било спорно прашањето за надлежноста.

Вториот комплекс на кој го заснова Републичкиот судски совет предлогот за разрешување е необезбедување мислење од здравствената служба на Казнено-поправната установа во Тетово, каде што осудениот бил на извршување на затворската казна. Значи необезбедување мислење од надлежен субјект, повторувам здравствена служба која токму затоа и постои во случајот во затворот во Тетово. Мислење од кое ќе се утврди дали постојат основи за лекување во рамките на Република Македонија, а надвор од Казнено-поправната установа во Тетово. Необезбедувањето на мислење на стручен орган во сферата на здравството, поврзан токму за осудените, укажува - туку квалификацијата е дадена од самите судии за здравствената состојба, исто така укажува дека е постапувано надвор од со закон пропишаните правила утврдени во Законот за извршување на санкциите.

Еве, тоа се двата клучни правни факти врз основа на кои Републичкиот судски совет го заснова Предлогот за извршување.

Дозволете да изведам и една лична квалификација. Во прашање е, во форма нестручност, а во суштина несовесност, нечесност.

Споменато е во расправата дека само еден основ му бил основ на Републичкиот судски совет да предложи разрешување. Не е само еден основ. Постоајт и други правни факти кои укажуваат на тоа дека овие судии, сите тројца не се движеле во рамките на своите овластувања. Потсетувам во случајот на претседателот на Основниот суд Скопје 1 дека - тоа беше и медиумски проследено со некакви квалификации дека заминал на годишен одмор, зборуваме за 2004 година, иако не обезбедил соодветна..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпдине Миленковиќ, точката во врска со претседателот на Основниот суд Скпоје 1 - Скопје ја завршивме и не навраќајте се на таа точка.

ЈУГОСЛАВ МИЛЕНКОВИЌ:

Добро, благодарам на укажувањето.

Во однос на судиите за кои сега се зборува, судијата Мирјана Ивановска-Бојаџиева веќе била предмет на опсервација и од Републичкиот судски совет порано околу стручноста и совесноста на вршењето на функцијата. Тоа укажува дека ова не е прво оценување на нејзиното вршење на судиската функција од страна на Републичкиот судски совет.

Најкратко, Републичкиот судски совет останува на предлогот за разрешување и притоа својата оценка за разрешувањето ја заснова на правните факти, односно на повреда на соодветните закони и тоа Законот за кривична постапка, членовите 22 и 179 и на повреда на повеќе одредби од Законот за извршување на санкциите, тоа се членот 7, членовите 80, 81 и 154.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Стојановски, барате реплика, повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Само заради јавноста сакам да истакнам неколку факти.

Првиот факт е дека лицето за кое што станува збор е обвинето за повеќе дела, меѓутоа е осудено по повлеквуањето на обвинениеto по однос на кривичното дело здружување заради непријателска дејност и основното Јавно обвинителство од Скопје останува единствено при обвинението за кривично дело недозволено поседување и носење на оружје. Значи, за ова кривично дело недозволено поседување и носење на оружје лицето е обвинето и осудено на 2 години затвор, која што пресуда е потврдена од Апелациониот суд. Вие зборувате за несовесност, за нечесност на судии. Јас сметам дека тоа не треба да се употребува на парламентарна говорница, затоа што вие имате постапувано по однос на прашањето на разрешување на овие судии по Информацијата на Министерството за внатрешни работи. Значи сега г-динот Хари Костов, кој е премиер, а порано беше министер за внатрешни работи, не мора да оди во Републичкиот судски совет за да влијае врз одредена одлука на судовите, туку доставувајќи нформација до Републичкиот судски совет, Републичкиот судски совет таа Информација во која се укажува на неправилностите во постапувањето на Кривичниот совет ја разгледува и утврдува понатаму дека навистина имало несовесност и како што велите вие нестручност во работењето, или нечесност во работењето на овие судии. Нечесноста во работењето значи нешто друго, а тоа не претставува основ за разрешување додека не се докаже.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Благодарам г-дине претседател.

За жал, сега во последно време во Парламентот е една појава која на експресен начин разрешува, или именува судии и не се почитуваат често пати нормите и законските одредби. Велам, за жал, случајот на претседателот на судиите на судот од Скопје број 1 е карактеристичен посебно од една едноставна причина. Во Македонија речиси малку кој може целосно да биде задоволен со судството, со судовите како независна власт. Но, на крајот на краиштата тоа судство е дел на ова општество. И не може да го одвоиме од општеството како што поставува Паралментот, Владата, претседателот на државата, значи, речиси така постапува и судството. Но, мотивите за разрешување се банални бидејки изгледа дека сега се постапи со смелост против еден албанец и се преземаат репресивни мерки сега врз неколку судии кои во нивната пракса се докажани како добри стручњаци. И овде нема никаква дилема во однос на ова прашање. Доколку ги видите судските алманаси, ако ги видите судските пресуди, јас не би сакал да ги спомнам, но доколку има потреба ќе ги спомнам со име и со презиме. Во нашето судство има еклатантни случаи со кои можеби треба многу порано да се преземеа мерки во однос на соодветните судии. Зошто не е постапено за тие судии досега, било Републичкиот судски совет, или другите соодветни институции, туку сега се постапува по овој случај. Мислам дека случајот не само што има политичка конотација, туку има и етничка конотација и како таков влијае во општата политичка клима.

Ќе ви поставам и едно друго прашање. Дали знаете на каков начин е приведен и фатен осудениот, на каков суров начин е пренесен истиот, дури според наши податоци е влечен по пат. И од друга страна, со каква постапка се донесе во Скопје? Не може да се премине овде и да се исполни желбата на некоја дотична личност и да ја каже моќта на Владата, а од друга страна да се повредат правата и слободите на граѓанинот, а посебно во овој случај, бидејки случајот беше експлоатиран негативно во нашата јавност. Во суштина Тетовскиот затвор се заобиколува, се изразува недоверба апсолутна и тотална во однос на тој затвор и се носи во Скопје, бидјеки тука се посигурни и со него се изживуваат и го малтретираат. Јас повторно имам во предвид уште нешто. Вие гледате дека имаме една петиција од 100, 200 вработени во Основниот суд Скопје 1 - Скопје, кои вработени нас како Парламент ни се обраќаат индивидуално на секого од нас за да бидеме внимателни поради причината дека тие вработени се најдобри вработени во тој суд. Значи, зборувам за овие судии. Но, зошто ја имаме ваквата сеопшта состојба во државава, бидејки ние денес интервенираме на суров начин во судството како Парламент, а мислам како и претходната Влада. Каде е Министерството за правда, каде е Врховниот суд, каде

се другите институции кои за овој случај се надлежни. Ова го докажува системскиот и институционалниот недостаток дека во суштина судството е под закрилата на Парламентот и под закрилата на Владата како независна и рамноправна со овие две институции.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ние не расправаме за судството, расправаме за конкретен случај. За Предлогот да расправаме, а не за судството.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Затоа мислам дека и вие претседателе имате должност да ги сослушате и нашите забелешки и на јавноста, но и Меѓународната заедница токму за судството. Доколку вие интервенирате на овој начин, јас знам и точката за која вие размислувате и во последно време има и една друга појава дека во разговори, информативни разговори се наложуваат оставки на неколку судии. Ова е нешто надминато и ние го знаеме и ова. Затоа мислам дека на овој начин не служиме судството кое треба да ја земе улогата што ја има во нашево општество. На овој начин  не мислам дека одлуката на Републичкиот судски совет има право да предложи и разрешувања и именувања и едното и другото, тоа е законска надлежност. Јас сум во рамките на тој нивен предлог. Но, ние не сме овде за да ги почитуваме тие предлози. И затоа апелирам до пратениците да бидат внимателни, а не е речено и со партиски диктат ние да постапиме на овој начин. Претседателот на судот не е ниту член на мојата партија, ниту член на незнам која партија, а лично и не го знам. Сум бил министер за правда и немам сознанија индивидуални и лични во однос на овој судија. Но, мислам дека како појава е негативна и го штети имиџот и на Парламентот со една ваква интервенција, бидејки на крајот на краиштата ние ја знаеме  структурата на Републичкиот судски совет и знаеме на три седници не можевме да го комплетираме Републичкиот судски совет токму поради партиски и политички причини. И мој апел би бил да изнајдеме смелост и доблест во овој случај на крајот на краиштата доколку имало и некој пропуст, едно правило е во судството дека подобро е да се отпуштат 100 виновници, одошто да се казни еден невин.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г. Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Ви благодарам г. претседател.

Мојата реплика се однесува на делот каде што г-динот Насуфи го опишува моментот на апсењето и мислам дека Изаир Самии во однос на оваа работа

ангажирал адвокат и нема потреба од една ваква одбрана. Репликата е во однос на иронијата од страна на г. Насуфи кој што го опишува начинот на апсењето на Изаир Самии. Истовремено заборава дека во тоа време за случајот што го опишува самиот Насуфи беше заменик премиер на тогашната Влада и едно време пред тоа беше и министер за правда. И токму затоа иронично, начинот како се врши “одбраната” на Изаир Самии. Навистина нечесно е да се искористува овој момент. Судскиот орган во оваа форма на одбрана, човекот доби процедура и во таа процедура тој е ослободен и за штетата што му е направена еден дел од одговорноста ја има и г. Насуфи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За контра реплика се јави г. Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Нечесно е болен човек да лежи во затвор, господине, тоа е нечесно, а не е нечесно да се брани тој човек. Од друга страна кога бев заменик министер, или министер за правда за два часа сме ги отпуштиле тие случаи, а не да правиме политички маркетинг. И ова не е политички маркетинг, туку е за правата на човекот и и служи на правдата, на ништо друго.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Предлогот Мирјана Ивановска-Бојаџиева, да биде разрешена од функцијата судија на Основен суд Скопје1-Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 45 за, 8 воздржани, 5 против.

Ги молам службите да го утврдат точниот борј на присутни пратеници во салата.

Во салата во моментот на гласањето беа присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Мирјана Ивановска-Бојаџиева е разрешена од функцијата судија на Основниот суд Скопје 1-Скопје.

Отворам претрес по предлогот Ленка Штерјова да биде разрешена од функцијата судија на Основниот суд Скопје 1-Скопје.

Ве молам , кој бара збор?

Има збор г-динот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Не сакам да се повторувам. Во контекст на претходната моја дискусија односно за претходната судијка која што беше разрешена од парламентарното мнозинство, сакам само да кажам колку експедитивно работи Републичкиот судски совет по однос на ова прашање. Имено, во предлогот за разрешување кој што ни беше доставен како пратеници на републичкиот парламент, конкретно за точката на дневен ред за разрешување на Ленка Штерјова од функцијата судија на Основниот суд Скопје 1-Скопје поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција во образложениeто децидно стои. И во однос на датумите сакам да биде јасно и за јавноста, а и за парламентарците. Имено, Републичкиот судски совет постапувал за разрешување на овие судии врз основа на инфорамција на Министерството за внатрешни работи. Оваа информација е доставена до Републичкиот судски совет на 26.05.2004 година. Врз основа на Правилникот за постапката и начинот на утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција, на седницата одржана на ден 3.06.2004 година, значи неполна една седмица после приемот на оваа информација од МВР, РСС експедитивно донесува заклучок за поведување на претходна постапка спрема судијата Ленка Штерјова. Јас би го прашал претставникот на Републичкиот судски совет, колку вакви информации имате за спори постапки, за незаконски одлуки на судии, за некакви злоупотреби на судиската функција и дали по сите вакви информации ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојаноски, ова не се пратенички прашања, зборувајте конкретно за точката на дневен ред.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Зборувам за точката на дневен ред. Ако не зборувам, слободно прекинете ме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие не можете да поставувате прашања. Зборувајте конкретно за точката на дневен ред.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Мојот говор јас го кажувам онака како што мислам дека е најдобро. Значи, се прашувам дали за сите овие предмети кои што ги добивате информации за несовесно и нестручно работење на судиите, сте вака експедитивни? Понатаму, на 25.06, значи по 20 дена веднаш носите исто така согласно Правилникот за постапката и начинот на утврдување на несовесно и нестручно вршење на судиската функција, донесувате одлука за поведување на постапка спрема Ленка Штерјова

судија на Основниот суд Скопје 1-Скопје. Значи, во рок од еден месец вие ја примате информацијата од МВР, по една седмица носите заклучок за отпочнување на постапка и за еден месец фактички ја завршувате таа постапка со носење на одлука согласно која поведувате постапка за оценување на стручноста и совесноста во вршењето на судиската функција.

Понатаму, морате да ги примените оние одредби кои што се наведени во законот. Доставувате допис на 16.07., бидејки е летен период, до Врховниот суд, Врховниот суд го враќа, доставувате предлог до Собранието на Република Македонија. Што значи за три месеци, значи летниот период, имајки во предвид тука дека судовите во август месец се на одмор, не работат, освен оние кои што дежураат, вие успевате да утврдите одговорност и постапувате експедитивно согласно инфорамцијата која што ви е доставена од страна на Министерството за внатрешни работи. Интересно е прашањето да се одговори колку вакви информации уште чекаат во фиока, или прво, ги доставуваат и веднаш после реагирате на овие информации, или пак сите други информации ги третирате различно од оваа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Зуди Џелили

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, во врска со Предлогот на Републичкиот судски совет за разрешување на судиите за кои станува збор, нема да влезам во дискусија од аспект на судскиот аспект, или професионалниот аспект, но во овој правец, во оваа насока мојот придонес ќе го дадам за тоа кои се последиците од ваквите разрешувања од политички аспект. Ние знаеме дека од самиот почеток опозицијата остро реагираше кога беа предложени членовите на Републичкиот судски совет од страна на партиите во коалицијата и дека од тогаш ние предвидовме дека Републичкиот судски совет ќе ги штити интересите на Владата.

Разрешувањето на судиите затоа што тие донеле некои олеснителни одлуки за да се лечи некој албански затвореник ќе има негативни последици, затоа што ова разрешување истовремено е и опасно, затоа што им дава до знаење до сите судии дека во иднина тие што ќе донесат олеснителни одлуки ќе завршат на ваков начин. Значи, отсега натаму сите судии треба да имаат предвид, особено судиите македонци дека албанците не смеат да ги ослободуваат и јавно протестирам затоа што еден албански затвореник нема права да бара лекување додека е на истражување на затворска казна. Ве молам, ова е еден вид

дискриминација и доколку овие судии, овој пат ќе се казнат на ваков брутален начин, тогаш треба да знаат останатите судии што ги очекува и иститe за предметите што ги имаат по процедура треба да донесат одлука на штета на албанците бидејќи тие ќе бидат разрешени.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам дали некој друг бара збор.

Има збор господинот Миленковиќ.

ЈУГОСЛАВ МИЛЕНКОВИЌ:

Со законот е регулирана постапката околу извршување на правосилни затворски казни. Таа подразбира соодветен субјект, тоа е претседателот на основниот суд на чија територија се наоѓа местото на живеење на осудениот е надлежниот кој одлучува по прашањето, по молбата на осудениот било за одлагање било за прекин на извршување на затворската казна.

Второ, со закон за извршување на санкциите е уредено прашањето околу начинот врз основа на кој се утврдува здравствената состојба на осудениот. Повторувам, според тој закон здравствената состојба ја утврдува здравствената служба на КПУ и тоа од аспект може ли таа здравствена служба да обезбеди здравствена состојба на осудениот во рамките на установата.

И второ, ако не може каде иб го упатила на лекување во рамките на Република Македонија.

Според тоа таа постапка овозможува згрижување на осудениот од аспект на неговата здравствена состојба и доколу тоа се обезбеди како што е со законот пропишано и се остварува покрај другото и статусот на осудениот. Во таа смисла воопшто не е битно некаква меѓуетничка релација и коинциденција во случајот помеѓу осудениот припадник на албанска етничка заедница и од друга страна Основниот суд во Скопје, односно судии Македонци. Воопшто не е битно, битна е надлежноста и битен е субјектот кој е овластен да ја оцени здравствената состојба на осудениот. Тоа е во контекст на последната расправа.

Во однос на претходната само најкратко.

Информацијата на МВР е иницијален акт кој на Републичкиот судски совет треба да му овозможи да одговори на прашањето да го провериме случајот дали е воден стручно совесно и доволно ажурно. Под ажурно, брзо. Републичкиот судски совет врз основа на тој иницијален акт, не е битно од каде произлегува направил, заклучил на седница, значи колективен орган, заеднички одлучуваат во моментот на петточлен состав, совет на Републичкиот судски совет заклучил претходна постапка.

Значи нешто претходно да се провери. Врз основа на тие претходни проверки констатирано е дека има извесни сомнежи, тоа е наша констатација, за наши потреби, во тоа дали е стручно и совесно водена постапката. Врз основа на тоа откако се процениле постапките заклучено е дека треба да се поведе постапка и да се даде можност за произнесување како на судиите кон кои се изразува сомнението, значи тие имаат право на одговор, така и на други органи кои се овластени според законот за Републичкиот судски совет да учествуваат во постапката за оценка на стручноста и совесноста. Тука, покрај другите во конкретниот случај биле вклучени редоследно соодвениот оддел на Врховниот суд, оддел за казнени дела, била вклужена дирекцијата за извршување на санкциите со прецизни податоци, биле вклучени сите судии на Врховниот суд, бил вклучен претседателот на Врховниот суд, министерот за правда и сите членови на Републичкиот судски совет. Сите потврдиле дека постојат основи за сомнение во стручноста и совесноста и врз основа на сите тие елементи е излезено со ваков предлог, каков што е на дневен ред на Собранието денеска.

Најкратко тоа би биле аргументите по прашањата што се актуелизирани.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Миленковиќ.

Повелете г. Блаже Стојановски имате збор за реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

До господинот претставник на Републичкиот судски совет навистина морам да ја упатам оваа реплика и тоа на следниов начин.

Господине, зарем вас не ви е чудно односно на јавноста и на нас како пратеници не би требало да ни биде чудно кога зборувате за лице кое што е осудено за недозволено поседување и носење на оружје, за примерен случај од кој што произлегува разрешување на тројца судии.

Второ, зарем не ви е чудно што тоа се прави по иницијатива на МВР, кое што е должно согласно неговата функција да прибира докази и да утврдува факти кои што ќе значат доказен материјал за обвинителството за да може да поднесе обвинение против лицето кое е предмет на истрага од страна на активностите на МВР.

Зарем не е чудно оној кој што го гони криминалитетот директно да влијае и врз можностите и постапките за разрешување на судии кои што треба независно да оценат и пресудат дали оној кој што е обвинет навистина го сторил делото или тоа

не го сторил и дали постојат факти и докзи од кои што може да се утврди дали делото е направено или не.

Значи Министерството за внатрешни работи доколку одреден судија не му удоволи да донесе пресуда онаква каква што сака Министерството, независно од кои мотиви мошне лесно може да се обрати до Републичкиот судски совет и да тој начин директно да го дисциплинира соодведтниот судија и да му даде дисциплински пораки на останатите судии дека треба да се суди онака како што сака Министерството за внатрешни работи, а не онака како што е предвидено со Уставот и со законите во Република Македонија.

Зарем тоа не значи директен удар на независноста во судството на Република Македонија и зарем тоа не значи дека Републичкиот судски совет не работи врз основа на реални показатели, врз основа на број на пресуди, потврдени, укинати итн, кои што можат да значат аргумент за доброто или лошото работење на еден судија, а не паушално или лошо влијание да се носат вакви предлози.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Контра реплика има господинот Миленковиќ.

ЈУГОСЛАВ МИЛЕНКОВИЌ:

Не верувам дека повеќе од 30 секунди ќе потрошам,

При прием на претставка Републичкиот судски совет не се поставува кон претставката без оглед од кого доаѓа од аспект на емоциите и чудењето, туку приоѓа од аспект на проверка на податоците што се изнесени во таа претставка. Тоа го прави низ одредена процедура. Процедурата подразбира после архивирање на документот увид во предметот, потоа трочлена комисија од членови на Републичкиот судски совет. Врз основа на заклучок иде и врши дополнителни проверки. Врз основа на тие проверки на правните факти повторно се произнесува на седница на Републичкиот судски совет во која процедура се инволвирани пред малку споменатите субјекти и врз основа на сето тоа, врз основа на прецизни факти, мислам дека и на денешната седница јас презентирав прецизни податоци покрај оние што писмено, непосредно се доставени до сите пратеници, се изнесени аргументите на кои се заснива предлогот за разрешување.

Врз основа на тоа, заклучокот е дека ние немаме емоции туку факти.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г. Џелили.

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Начинот како сака Републичкиот судски совет да ја образложи оваа судска одлука за останувањето на судиите и претседателот на Основниот суд Скопје 1, значи за нивно разрешување само по себе подразбира дека констатациите за тоа дека во Македонија имаме катастрофално судство уште еднаш се докажуваат. Не може да се подразбере поинаку кога се суспендираат судии бидејќи имаат направено пропусти, процедурални, или нерегуралности во нивното работење кога е во прашање албанската страна.

Ова не може да се случи никако случајно доколку албанците биле дискриминирани од судските и полициските органи 50 години наназад. Сега кога судии со чиста свест се трудат правдата да ја поделат на правичен начин, без дискриминации, тогаш од дежурни органи кои за да ги извршат партиските обврски и да го држат под контрола албанскиот народ им следи казна. Можам да им кажам на судиите дека се многу смели и доблесни и дека правдата ќе победи секогаш. Токму вакви луѓе требаат на судството во Македонија. На албанската страна овој пат не случајно Изаир Самиу бил еден војни на ОНА и доколку не оди во полза на некого. Секако треба да ја плати казната. Утре ова може да му се случи на кој од нас па затоа уште еднаш велам дека судството во Македонија сеуште треба да се реформира и тоа многу, бидејќи овде имаме поделба на правдата врз национални и партиски основи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам потпретседателке.

Јас ќе бидам многу кратка. Нема да ги повторувам дискусиите на претходните колеги, меѓутоа ќе укажам само на нешто. Согласно членот 105 од Уставот на Република Македонија е уредена надлежноста на Републичкиот судски совет, согласно која Републичкиот судски совет на Собранието му предлага избори и разрешувае на судии; утврдува предлог за разрешување од судиска функција во случаите утврдени со Уставот. Тоа е прво.

Второ, одлучува за дисциплинската одговорност на судиите.

Трето, ја оценува стручноста и совесноста на судиите во вршењето на нивната функција и предлга двајца судии на Уставниот суд на Република Македонија.

Тоа е во делот на надлежноста на Републичкиот судски совет.

Во делот на составот и бројот на членовите на Републичкиот судски совет согласно членот 104 на кој имаме амандман број 14, Републичкиот судски совет го сочинуваат 7 членови. Тројца од членовите се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број на пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Согласно постојниот состав на Републичкиот судски совет можеме да заклучиме дека овој Републички судски совет работи само со 5 члена. Двајца од членовите кои треба да бидат избрани сеуште не дошле на дневен ред да бидат избрани како членови на Републичкиот судски совет. Значи, имаме 5 членови кои одлучуваат меѓу другото и за денешната точка на дневен ред - разрешување на судиите кои беа предложени од Републичкиот судски совет.

Јас сакав само да го поставам прашањето како можност да размислуваат сите колеги пратеници и Републичкиот судски совет која е легитимноста на Републичкиот судски совет кој се декларира како независен орган, меѓутоа со оглед на фактот дека ние го избираме како Собрание не може да биде како независен орган, а кој пак предлага избор и разрешување на судии. Значи, основата на целиот судски систем во Република Македонија, ќе прашам која е легитимноста на Републичкиот судски совет со 5 члена да донесе одлука независно од тоа дали се работи за избор или за разрешување на судии.

Значи, за да има мнозинство согласно Деловникот, нека ме поправи господинот Југослав Миленковиќ, ако не е така, согласно Деловникот за работа на Републичкиот судски совет одлуките се донесуваат со мнозинство гласови. Значи од 5 присутни членови на Републичкиот судски совет 3 треба да гласаат за, 2 треба да гласаат против.

Ве молам, јас навистина сакам да знам со која легитимност Републичкиот судски совет ги поднесува досега сите предлози за избор и за разрешување на судии.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Југослав Милемковиќ.

ЈУГОСЛАВ МИЛЕНКОВИЌ:

Седумчлениот состав на Републичкиот судски совет треба да даде предлог со најмалку 4 гласа од вкупниот број. Во конкретниот случај за точката која е на дневен ред Републичкиот судски совет во петточлен состав предлогот го

предлага со 5 гласа. Едногласно, значи, има повеќе од 4 гласа колку се потребни во однос на вкупниот број.

Второ, едногласен е предлогот.

(Со седницата продолжи да претседава господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Којзеклиска контра реплика.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Членот на Републичкиот судски совет добро го лоцира проблемот. Независно од тоа дали е едногласно. Не може секогаш едногласно да биде, некогаш ќе имаме и разномислие во Републичкиот судски совет, и во конкретниот случај и во досегашните случаи и во идните случаи. Тежината која како орган ја има Републичкиот судски совет за донесување, за предлагање, за избори и разрешување на судии ја кажува токму некомплетираноста на членовите на Републичкиот судски совет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Ги повикувам пратниците да влезат во салата затоа што треба да пристапиме кон гласање.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Предлогот Ленка Штерјова да биде разрешена од функцијата судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеници. За предлогот гласале 50 пратеници, 3 воздржани и 10 против, бидејќи господинот Фатмир Асани немаше картичка, а гласал против.

Значи Фатмир Асани да го стават, значи, 10 се против.

Ве молам обезбедете му картичка на господинот Асани.

Констатирам дека Ленка Штерјова е разрешена од функцијата судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

**Минуваме на точка 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за договорен залог, со Предлог на закон.**

Предлагачи се пратениците Ангелка Пеева Лауренчиќ, Зоран Томиќ, Аднан Јашари и Зоран Шапуриќ.

Предлогот за донесување на законот, мислењето на Владата, извештајот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и допосот на ЗПК ви се доставени, односно поделени.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците предлага Собранието на оваа седница да расправа само по Предлогот за донесување на законот.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 51 пратеник гласале за предлогот на Комисијата, 4 се воздржале, а нема против.

Молам службите нека го утврдат бројот на пратениците.

(Службите го утврдуваат бројот на пратениците).

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 65 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор.

Повелете госпоѓо Пеева, имате збор.

АНГЕЛКА ПЕЕВА ЛАУРЕНЧИЌ:

Благодарам претседателе,

Пред да почнам, би ве замолила доколку мојата дискусија потрае 2 или 3 минути по предвиденото време за пауза, да не ме прекинувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, ќе ве прекинам.

АНГЕЛКА ПЕЕВА ЛАУРЕНЧИЌ:

Тогаш, нека трае паузата 5 минути порано. Дискусијата не е повеќе од 10 минути да ја прекинете на половина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пауза правиме во 13,00 часот, а вие можете ако сакате сега да ја направиме паузата.

АНГЕЛКА ПЕЕВА ЛАУРЕНЧИЌ:

Имаме 6 минути до паузата. Подобро порано да ја почнеме паузата, за да си добие расправата нормален тек. Мојата дискусија не трае повеќе од 10 минути, а му фалат 4 минути за да ја завршам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во ред.

Објавувам пауза до 14,00 часот.

(по паузата, седницата продолжи со работа во 14,00 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Дајте ми го листингот за пријавени.

Повелете госпоѓо Пеева имате збор.

АНГЕЛКА ПЕЕВА - ЛАУРЕНЧИЌ:

Благодарам, претседателе.

Во континуитет ме ословувате со Пеева. Пеева - Лауренчиќ ако не ви е тешко.

Благодрам, претседателе.

Почитувани колешки, колеги пратеници, на последната седница што ја имавме минатата сабота говорев за неекономските фактори што битно влијаат на неефикасноста на економскиот и финансискиот систем во државата, а со тоа индиректно влијаат на директните странки инвестиции. Па еве, од денеска да започнеме парче по парче да ги оттргаме тие неекономски фактори што постојат кај нас, а што на индиректен начин го закочуваат нормалниот тек на стопанството помеѓу правните субјекти и значат во некоја рака одбивност за влез на директните странски инвестиции.

Имено, група пратеници во состав Зоран Шапуриќ, Аднан Јашари, Зоран Томиќ и јас, предложивме закон за договорен залог кој  што, на денешната седница го гледате само во една фаза. Имено, постојниот Закон за договорен залог е погоден и не го закочува правниот промет во општетва со високи стандарди на деловен морал и лична етика. Ние, како општетсво од многу причини не можеме да се пофалиме дека тоа е случај, заради што предлагачите на овој закон дојдоа на мнение да понудат соодветни измени со што ќе се отвори пат за нормален протек на правниот промет и реализацијата на договорниот залог, по често применуван институт во редовните деловни односи, помеѓу правните и физички лица. Според некои релевантни показатели и извори, над 50% од судските постапки, во основа,

третираат должничко доверителни односи, а должината на постапката трае од 3 до 6 години.

Имено, од досегашната примена на Законот се покажа неопходноста од изменување и дополнување односно допрецизирање на оддеелни решенија што ќе овозможи оголема сигурност на доверителите во наплатувањето на своите побарувања од својот должник, во одреден облигационен однос, преку брза и поефикасна реализација на залогот. Притоа, предлагачите особено воде сметка да не се отиде во другата крајност, што би значела експлоатација на правото на должникот.

Со постоечкиот Закон за договорен залог должникот иако сторил ѓраѓанско правен деликт, се фаворизира во однос на доверителот, иако по логиката на нештата би требало да биде обратно. Вака, само се стимулираат должниците што подолго да истрајат во пропуштањето на раоковите и извршувњето на реалилзацијата на договорниот залог.

Самото име “договорен залог” зборува дека должникот по сопствен избор ги прифатил обврските што произлегуваат од востановениот договорен залог и од тука треб да се елиминираат сите можности дека должникот истото може да го дескивира, користејќи ги процепите на недоволно јасните ситуации од постоечкиот залог. Имено, таквиот договорен акт помеѓу должникот и доверителот, истите можат да се договорат, по истекот на одреден рок стварта да премине во сопственост на доверителот, при што би избегнале мачни и долги судски процедури, иако конечнот ефект повторно би бил во полза на доверителот.

Групата пратеници, предлагачи на предложените измени и дополнувања на Законот, истите ги дадоа иницирани од повеќе деловни банки, бизнис субјекти и контакти со поединци и заинтересирани граѓани. Како илустрација, кај деловните банки по овој основ на имаме следната состојба:

- кај една од банките имаме таков долг од 300 милиони денари,
- кај друг правен субјект, исто така деловна банка, над 2 милијарди денари, што поспки кај нотар, што во судска постапка и
- кај трета банка над 2,5 милијарди денари.

Значи, во закочен правен промет имаат над 5 милијарди денари средства што не можат да бидсат реализирани заради основот да должникот не го намири својот долг во соодветен термин, при што се користи овој постојан Закон за договорен залог.

Ако се направи една сериозна анализа, за што ние како пратеници немавме ресурси и податоци, извори, не е чудно да дојдеме во ситуација да внатрешниот долг во Република Македонија помеѓу правните субјекти, правните субјекти и физичките лица биде еднаков или поголем од јавниот долг на државата, што сигурно е еден подток за кој што треб да се подразмисли.

Заради големиот број на нереализирани предмети, финансиската тежина што произлегува од истите, првичната идеа на предлагачите на Законот беше Предлогот за донесувње на законот за договорен залог на оваа седница да оди со Предлог на закон, што ќе рече по скратена постапка. Но, бидејќи Владата и соодветните комисии му препорачуваат на Собранието овој закон да оди во две фази, а Собранието тоа и пред почетокот на дебатата истото го усвои, при што во втората фаза ќе се земат предвид и други иницијативи за изменување и дополнување на овој закон, што досега пристигнале во ресорното министерство или до други заинтересирани субјекти, предлагачите на Законот во функција на што поквалитетен текст ја прифаќаат ваквата сугестија и стојат на располагање на сите заинтересирани страни.

Заради тоа денеска говорев само за основните принципи и потребата од донесување на овој закон. Во втората фаза ќе имаме можност да проговориме и за конкретните решенија што предлагачите ќе му го понудаст на ова Собрание.

Се надевам дека колешките пратеници, и колегите пратеници, без оглед на политичката припадност, позитивно ќе се изјаснат по дадениот предлог а со тоа заендички ќе овозможиме нормално да профункционира дел од правниот промет и финансискиот промет, се разбира за што длабоко сум убедена дека работиме заеднички и опозицијата и власта.

Однапред ви благодарам на поддршката.

Сега ви благодарам на вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам, г-ѓо Пеева Лауренчиќ.

Збор има пратеникот Зоран Томиќ, а нека се подготви пратеникот Андман Јашари.

Повелете.

(пратеникот Слободан Даневски реагира со барање збор за реплика)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Даневски, јавувајте се на време.

Дури сега забележав дека имате реплика.

Повелете г-дине даневски имате три минути реплика.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

На почитуваната и убава колешка Лауренчиќ Пеева,

Тоа што оди како предлог од група пратеници, Законот за договор за залог, во суштина и не е лош. Но, се поставува едно прашање, овој закон да не биде за еднократна употреба, да некои работи треба во државата да се завршат, па потоа да го измениме. Но, во суштина стои има и тежина.

Она другото што во своето првично искажување колешката, за новиот почеток, дека треба да се почне, за да имаме повеќе странски инветиции, ако добро ја разбрав, мислам дека едно  сериозно прашање што е стои отворено на сите нас во Парламентот и во државата е тоа да политиката се тргне од економијата, односно од стопанството. Ако ние направиме да во оваа држава го тргнеме влијанието на политиката, а што е многу тешко, затоа што знаеме нешто што е сигурно и сигурни извори на финансирање, на плаќање се буџетските средства тогаш многу тешко ќе биде да го изместиме. Ова за нов почеток добро звучи, но главната поента и заложба за сите нас ќе значи политиката ад се многу малку меша во економијата и во стопанството. Затоа што ние имаме еден случај каде што политиката определува како ќе се движи и стопанството и економијата, така што тоа е нонсенс во модерните развиени државави.  Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-ѓо Пеева Лауренчиќ имате една минута.

АНЃЕЛКА ПЕЕВА:

Бклагодарам, г-дине Даневски на ккомплиментите и на поддршката на понудениот текст.

Текстот, сепак ќе го гледаме во втора фаза. Вие имате можност да се приклучите на иницијативата и да бидете сигурен во содржината што ќе се понуди, од една страна, а од друга страна нема потреба да бидете скептик, барем не во оваа фаза. И ние сме за тоа да се одвои политиката од економијата и поголем влез на странски директни инвестиции. Очекувам поддршка и денес и во втората фаза од вас и од вашата пратеничка група.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани колешки и колеги,

Јас многу накратко, покрај тоа што колешката Ангелка Пеева Лауренчиќ го кажа како еден од предлагачите, покрај Зоки Шапуриќ и колегата Аднан Јашари. Какоа еден од предлагачите би кажал, во кратки црти се разбира, што е тоа што не поттикна покрај тоа што беше изнесено да го изготвиме овој предлог на закон. Мислам дека основната идеа водила ни беше да создадеме една правна рамка за поефикасна заштита на правата на доверителите и обезбедување на ефикасни мерки за извршување на заложниот предмет.

Па јас многу накратко околу содржината на самиот текст на закон така на пример. Со членот 23 покрај другото се предлага и решение со кое во основниот договор за залог да може да биде содржана и согласноста на заложниот должник, дека доверителот има право на избор и веднаш да се стекне со прво на сопственост врз предметот на залогот.  Ова нешто беше содржано во досегашниот член 6.2. став 2 и став 4 од Постојниот закон и мислиме дека додаваме една убава новина во која токму би се, значи како правна рамка би се заштитиле во поголем обем доверителите.

Втората измена од поголем обем  во овој закон се однесува на членот 36 и тоа ставот 3, односно се предлага правото на првенство на намирувње на обезбезбеденото побарувње да се определува според тоа кој золаг прв е запишан во јавната книга, а доколу не е истиот запишан, тогаш ќе дојде на ред правото на првенство на залогот што е прв заснован. Ова  е исто една квалиттна новина и станува збор за едно и ние ќе го разгледуваме токму на ова седница Законот за извршување и обезбедување како една новина во извршната постапка, меѓутоа овие новини кои ги предлагаме мислам дека станува збор за една навистина поголема ефикасност токму во остварување на правата на доверителите.

Третата, поголема новина се однесува на членот 59 каде што се предалга измена, според која реализацијата на залогот, другите субјекти да можат да ја вршат покрај со закон што се однесува на нивното работење и според одредбите на овој закон, со соодветна примена на одредбите што се однесуваат на нотарот. Ова е една новина што досега не беше предвиден во нашиот систем, меѓутоа тука се обидовме, во рамките на она што го кажа почитуваната колешка, да извршиме некоја споредба со соодветните други законодавства. Наидовме на дел такви одредби и мислам дека и нашето законодавство може да претрпи една ваква квалитетна измена.

Конечно, другите дополнувања на останатите членови имаат за цел вградување на решенија за поголема сигурност на доверителите, преку зголемување на ефикасноста при реализација на залогот.

Конечно, јас навистина би сакал да се заблагодарам на сите вас почитувани колешки и колеги, за разбирањето токму на оваа прва фаза, а и она што го кажа самата колешка, значи сме отворени за сите оние решенија за кои сметате дека треба да се вградат токму во овој закон, дај поразговараме и да изготвиме еден навистина квалитетен текст.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Томиќ.

Бидејќи нема реплики повелете г-дине Јашари, вие имате збор.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодрам, г-дине претседател,

Само кратко ќе кажам неколку причини и образложенија зошто предлагаме еден ваков закон, предлог за измена и дополнување на Законот за договорен залог.

Сите знаеме дека како средства во услугите и стоката, се јавува залогот, кој што во зависност од објектот што може да биде како хипотека, значи, доколку како негов објекти се јават движни, тогаш се работи за заложен предмет, додека како објект за залог се недвижни средства, тогаш се однесува со средства, со хипотекични средства. Тогаш кај нас и заложниот предмет и хипотеката се регулирани со договорниот залог, што пред извесно време е донесен од ова Собрание.

Така, како што се кажа претходно од 2 мои почитувани колеги, преку овој Закон за договорен залог е обезбедено едно утврдено барање, правно барање за поефикасна заштита на барањата на доверителите, а од друга страна е направено максимално залагање за да им се обезбедат одредени мерки за остварување на заложниот предмет.

И покрај тоа, од спроведување на одредбите на овој закон јасно се гледа дека некои од одредбите на овој закон, не само што треба да се прецизира, туку и нормално од овој временски контекст треба да се предвидат и други одредби, со единствена цел да се почувствува поголема сигурност кај доверителите во наплатата кај нивните барања од доверителите, предвидени со една правна рамка, остварувајќи ги овие барања од залогот, оставен како залог.

Така, преку одредбите предложени во овој Предлог-закон се предлага решение според кое, во главниот договор за залог се предвидува и согласноста на доверителот дека доверителот има избор веднаш да го стекне правото на сопственост над залогот, нормално, доколку должникот во целост не направи наплата на побараната. Ова ќе создаде одредени правни норми, доколку, нормално е се евидентирано во Заложниот регистар како залог.

Измените се предвидени и од аспект на реализирање на приоритетното право за надоместок на обезбеденото барање. Така сега, со понудените предлози се предлага ова право да се утврди според тоа кој залог, прв запишан во регистарот, а доколку ваков залог нема, ова ќе припадне на доверителот што го има засновано овој залог.

Исто така, измените се предвидени и од аспект на остварување на барањата на доверителот. Така што, сега се предвидува можност договорните страни да утврдат начин на остварување на ова барање, од залогот, додека доколку ова не го предвиделе, значи нема предвидено начин на продажба, како начин на остварувњ ена ова барање или немаат утврдено субјкети што Ќе го остварат овој залог, во овој случај на должникот му се дава можност да ова право, да има право значи должникот сам да го утврди субјектот што ќе го оствари или ќе го остварат овој залог.

Значи, ова се три новини или три предлози што ние ги нудиме со овој предлог на закон, за што оценуваме дека во наредната фаза, значи во фазата на реализирање на овој предлог на закон, можеби ќе се усвои, но јас нормално барам и од оваа фаза поддршка од моите колеги пратеници.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодарам г-дине Јашари.

Дали некој друг бара збор?

Повелете г-ѓо Лалчевска, а потоа нека се подготви пратеникот Јанаќе Витановски.

Имате збор г-ѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам г-дине претседателе, колешки и колеги пратеници,

Би кажала неколку зборови што ќе бидат во поддршка на овој Предлог од група пратеници.

Евидентно е дека постои потреба од изменување и дополнување на Законот за договорен залог, затоа што во досегашните решенија, во постојните решенија има можности должниците да ја одолговлекуваат постапката временски и со тоа да ги оштетуваат доверителите. Токму таквата работа ја оцениле предлагачите. Мислам дека со овие измени што ги предлагаат ќе се заштитат доверителите во однос на должниците, дека ќе добиеме една поефикасна рамка за заштита на овој вид на права и ќе воведеме една поголема сигурност на доверителите во овие релации.

Нешто што ме изненади, верувајте, позитивно е што мислењето на Владата што му предлага на Собранието да го усвои овој предлог, бидејќи мора да признаеме реткост е на предлог на пратеници Владата да даде позитивно мислење и се надевам дека во следната фаза одредени мали пропусти кои се направени ќе бидат во соработка со Министерството за правда отстранети и дека ќе добиеме квалитетен предлог за измени и дополнувања. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Витановски, имате збор.

ЈАНАКЕ ВИТАНОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе, јас ја поддржувам и ги поздравувам колегите пратеници кои што во рамките на Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија врз основа на членот 133, предлагаат измена и дополнување на Законот за договорен залог и сметам дека оваа иницијатива треба да продолжи и понатаму, пратениците да предлагаат закони, а не само Владата.

За овој закон и за оваа нивна иницијатива давам целосна поддршка, од една единствена причина, бидејќи со овој закон, кој има за цел и се вградени решенија за поголема сигурност на доверителите, преку зголемување на ефикасноста при реализација на залогот.

Исто така, сметам дека со овој закон ќе се врши допрецизирање на одредени решенија, што ќе се овозможи уште поголема сигурност на доверителите, во наплатувањето на своите побарувања од својот должник, преку реализацијата на залогот. Исто така, ја поздравувам и иницијативата на Владата која што дава позитивно мислење и тоа во делот дека има потреба од изменување и дополнување на Законот за договорен залог и овој закон ќе оди во две фази, при што сметам дека има и други недоречености во овој Закон за договорен залог, па се надевам дека во втората фаза, покрај овие измени и дополнувања, кои што ги предлагаат оваа група

на пратеници, ќе има и други измени и дополнувања, па така ќе имаме еден комплетен закон за договорен залог, кој што ќе биде во функција на сите.

Од овие причини ја поддржувам потребата од донесување на овој закон и мислам дека  во целата фаза сите пратеници ќе дадат свој придонес и ќе донесеме квалитетен закон. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Витановски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи треба да гласаме.

Ги замолувам уште еднаш пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Во салата се присутни 56 пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 58 пратеника и од сега почнуваат да течат десете минути.

Ги молам службите нека ги избројат уште еднаш присутните пратеници.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за договорен залог.

2. Предлагачите на законот, пратениците: Ангелка Пеева-Лауренчуќ, Зоран Томиќ, Аднан Јашари и Зоран Шапуриќ да изготват и на Собранието да му достават Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за договорен залог, при што ќе ги имаат предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија  да се достави до предлагачите на Законот, пратениците: Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Зоран Томиќ, Аднан Јашари и Зоран Шапуриќ.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 63 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 10 - **Предлог на финансиски план за утврдување на трошоците за спроведување на референдумот согласно Одлуката за распишување на референдумот број 07-3553/1 од 3 септември 2004 година и надоместоците на членовите на органите за спроведување на референдумот.**

Предлогот на финансискиот план ви е поделен.

Отворам претрес по Предлогот на текстот на финансискиот план.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Предлогот на финансискиот план го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, 55 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Ги молам службите да го утврдат бројот.

Во салата беа присутни во моментот на гласање 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието го донесе финансискиот план за утврдување на трошоците за спроведување на референдумот.

Повелете господине Најдовски, процедурално.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине претседателе, немаше ни четири секунди кога се пријавив. Овој план ваков, што на ништо не личи, на ист ваков начин без расправа и тогаш набрзина се заклучи расправата и помина финансискиот план и за претседателските избори. Потоа имавме најразлични критики и во јавноста и со право. Истото го направивте и сега.

Мислам дека ја повредивте процедурата за дискусија на пратениците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Најдовски можевте да се пријавите додека јас ја читав целата точка на дневен ред.

Ве молам да не се повторуваат работите кои што ги слушам од другата страна.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Претседателе, додека вие читате, не е тогаш времето за пријавување. Откога вие ќе завршите почнува времето за пријавување. Можеби вие ќе кажете дека е повлечена точката додека ја читате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Најдовски, завршивме со процедурално. Има начин како тоа да го регулирате.

Минуваме на точката 11 - **Предлог за донесување на закон за гарантирање на враќање на средствата кои Европската банка за обнова и развој ги става на располагање на Владата на Република Македонија во процесот на претприватизација за стекнување со акции при приватизацијата на АД "Електростопанство на Македонија", со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дозволете ми сосема накратко да кажам неколку зборови во врска со овој закон и во врска со контекстот во кој што овој закон се донесува.

Собранието на Република Македонија пред неколку месеци го донесе Законот за трансформација на ЕСМ, со што се отвори вратата за почеток на приватизацијата на делови од ЕСМ и негово преструктуирање.

Сега со овој закон, за гаранција на враќањето на средствата кон Европската банка за обнова и развој, кои таа ќе ги стави на располагање во процесот на претприватизација на ЕСМ, одиме чекор понатаму.

Веднаш сакам да ве известам дека врз основа на законот, Управниот одбор на ЕСМ донесе Одлука за трансформација на компанијата во две претпријатија, согласно законот кој е тука донесен и Владата веќе на седницата во понеделник за два дена ќе донесе одлука за трансформација конечна на ЕСМ, со што ќе ја подели компанијата на две компании. Едната која ќе остане во сопственост на Република Македонија, т.н. МЕПСО која ќе биде за преносот на електрична енергија и контролата на системот и втората ЕСМ која ќе биде производство и дистрибуција на електроенергија, која во понатамошната фаза, после донесувањето на овој закон и претприватизација ќе се отпочне со процес за нејзина приватизација.

Веднаш сакам да ве уверам и вас и македонската јавност дека Владата ќе го насочи и ќе го стави во процесот на приватизација, согласно со законите кои се донесени во Република Македонија, ќе биде транспарентна, ќе биде отворена и

процесот ќе биде со меѓунарона понуда. Што значи дека нема да има дуректни непосредни спогодби, туку ќе биде најтранспарентна постапка во која Владата на Република Македонија согласно законот ќе пристапи кон приватизација на еден дел од ЕСМ.

Согласно со тоа, сакам исто така, да кажам дека Владата веќе до Собранието достави и вие ќе имате усвоено, или допрва ќе достави уште некои закони, или други акти кои се во надлежност на Собранието, па и во надлежност на Владата, со кои ќе го доврши процесот на реформирање на енергетскиот сектор во Република Македонија, во кој трансформацијата на ЕСМ е секако најзначајната, меѓутоа, сеуште само еден дел од целиот процес.

Во врска со овој закон, Владата се договори со ЕБОР таа да влезе во процесот на претприватизација, со оглед дека Владата го достави до вас и законот и договорот кој ќе следи од потпишувањето на тој закон и не сметам сега соодветно да го елаборирам.

Тој е достапен е транспарентно, за разлика од некои други вакви случаи на приватизација на јавни компании во минатото, само сакам да го потенцирам следното.

Европската банка за обнова и развој во процесот на претприватизацијата на ЕСМ, ќе влезе со 45 милиони евра, кои средтва согласно со законот има опција да останат како дел од акциите по процесот на приватизација или да бидат вратени, ако од средствата кои што ќе се остварат во процесот на приватизацијата, што значи сосема е сеедно тоа на ЕБОР или ако Владата не го приватизира или неуспее да го приватизира јавното претпријатие ЕСМ, во тој случај средствата со одредена камата, која е за лежарината на парите, ќе се вратат назад.

Веднаш да соопштам, процедурите нема да ги објаснувам, тие се исто напишани во Законот и веднаш да кажам дека ако законот се донесе во процедура во која ние се надеваме, веќе во втората седмица во октомври сите договори кои произлегуваат од овој закон со ЕБОР ќе ги потпишеме и Владата и ЕСМ и Народна банка секој со своите овластувања за средствата и со тоа ќе го отпочнеме веќе во завршна фаза целиот процес.

Уште сакам да ве уверам дека со оглед на карактерот дека овие пари кои ЕБОР ги вложува во претприватизација и понатаму ќе се одлучи нивната судбина во кој правец ќе се одвива, средствата ќе бидат согласно член на законот кој ви е доставен приход на буџетот на Република Македонија, средствата ќе бидат целосно

искористени за девизните резерви на Република Македонија и нема да се трошат за други намени, што значи ќе ја поткрепат економската политика на Република Македонија . Доколку се заврши, а ние се надеваме и сме уверени дека процесот ќе го истераме во текот на наредната година до процес на завршување, тогаш средствата од девизните резерви како понатаму ќе се употребуваат дали на деловна сметка, не во Народната банка, туку на сметка на Министерството за финансии и повторно ќе одлучиме заедно во некоја идна седница, со некој иден буџет, ако за тоа се одлучиме.

Ве повикувам законот да го донесеме, да овозможиме Европската банка која е една од најреномираните меѓународни и секако најреномирана европска институција во оваа сфера, да влезе во претприватизација, да го поплочиме патот. Владата, како што кажав, во понеделник ќе донесе одлука за дефинитивно за почетокот на трансформацијата на две компании и со потезите кои овде следат понатаму со потпишувањето и со претприватизацијата, да го довршиме тој процес на поделба и на делумна приватизација на сегашното ЕСМ, со што енергетскиот сектор во Република Македонија ќе го осовремениме, организационо и структурно ќе го поставиме на начин како што во цел свет отприлика современите држави тоа го прават и со тоа на голема врата процесот на толку оспоруваните структурни промени, барем во енергетскиот сектор структурните промени ќе се движат во правец кој и ние и сите други го посакуваат. Ве повикувам законот да го донесеме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине министре.

Повелете г-дине Мавровски имате збор, па потоа нека се подготви пратеникот Ангел Димитров.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам дека пред мене има други пријавено за збор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, вие бевте први.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Да, но бидејќи беше министерот прв..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега сте вие, ве молам г-дине Мавровски вие имате збор, а потоа нека се подготви г-динот Ангел Димитров.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Не сакам сега да земам збор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, повелете г-дине Димитров имате збор.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Благодарам г-дине претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани претстаници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Донесувањето на законот за гарантирање на враќање на средствата кој што Европската банка за обнова и развој ги става на располагање на Владата на Република Македонија во процесот на претприватизацијата на АД Електростопанство на Македонија,. а заради стекнување на акции од Електростпанство, е услов за склучување на договор за терминска продажба на акции од АД Електростопанство на Македонија на ЕБОР со седиште во Лондон.

Барањето на ЕБОР е вообичаено и очекувано, затоа што како и секој инвеститор банката сака да го осигура своето право за стекнување на акции при приватизацијата на ЕСМ, за кои однапред ќе уплати средства во износ од 45 милиони евра.

Прашањата кои во овој момент се псотавуваат се следните.

Прво, дали ваквиот договор за терминска продажба на акции е оправдан и корисен за Република Македонија.

Второ, дали постојат ризици кои можат да резултираат со штетни или неповолни последици по нашата држава.

Трето, дали на овој на чин Владата се обидува да направи брза и нетранспарентна приватизација на Електростопанство на Македонија. Само да ве потсетам дека опозицијата оваа постапка во вид на тврдење го изнесе како аргумент во своето барање за доверба на Владата.

Во понатамошното мое излагање ќе се обидам да дадам одговор на овие три прашања. За мене договорот за терминска продажба или одложена продажба на акции од ЕСМ е логичен и оправдан. Ова, затоа што сите добро знаеме дека на Македонија и се потребни додатни средства во буџетот заради водење на една поинтензивна макроекономска политика, особено кога поарди високиот трговски дефицит мораме да го усогласуваме трговскиот и платниот биланс на земјата, кога имаме многу ниски странски директни инвестиции и кога е потребно и понатаму навреме да ги сервисираме обврските кон странските доверители. Во вакви услови кога не смееме ниту да помислиме за зголемување на оптоварувањето на стопанството со зголемување на нови даноци, кои и така е во многу лоша состојба и

не може да ги издржи притисоците на странската конкуренција, кога е потребно да го одржуваме и понатаму надворешниот долг на едно одржливо ниво и кога ни се неопходни средства за помагање на развојот на економијата, најнормално и прифатливо решение е одлуката за терминска продажба на акции од АД Електростопанство на Македонија, со што средствата од продажбата ќе ги оствариме денес, а трансферот на акциите ќе се изврши во моментот на приватизацијата на 51% од делот на ЕСМ, кој е предвиден да се приватизира. Значи, не станува збор за никакво ново задолжување и за земање на кредит, туку за терминска т.е. одложена продажба на акции и тоа на еден многу мал процент од вкупните акции на ЕСМ, кој не може негативно да влијаат на идната продажба, туку напротив, учеството на ЕБОР, на оваа реномирана странска финансиска институција, може само позитивно да влијае на целиот процес.

На прашањето дали постојат ризици кои можат да доведат до штетни последици, јас би одговорил да. Како и секоја деловна одлука и кај оваа постојат ризици, а овие ризици можат да настанат во случај кога во рок од 24 месеци не се изврши приватизацијата на 51% од акциите на ЕСМ кои ќе бидат предвидени за продажба, а особено ако Владата се откаже од приватизацијата на ЕСМ или дојде до поништување на приватизацијата. Доколку дојде до првиот случај, Република Македонија ќе мора да ги врати примените средства, се разбира, заедно со пресметаните и капитализирани трошоци во рок од пет години со камата ЕУ ЕБОР плус 1%, а во вториот случај со каматна стапка ЕУ ЕБОР плус 2,5%. И во ваков случај пресметаната камата ќе биде поголема, одколку да се позајмуваат средства на слободниот пазар на капитал. Бидејќи, процесот на приватизација на ЕСМ е веќе отпочнат т.е. преобразбата на ЕСМ е отпочната со поделбата на ЕСМ на две акционерски друштва. Друштво за производство и дистрибуција и снабдување со електрична енергија, кое ќе се приватизира и друштво за пренос на електрична енергија и управување на енергетскиот систем, кој и понатаму ќе остане во државна сопственост. Сега е беспредметно да зборуваме за пторебата и оправданоста од приватизација на дел од електроенергетскиот систем, за што веќе водевме една долга расправа. Сепак, накратко да истакнам дека по приватизацијата на најголемиот дел од стопанството во Република Македонија т.е. претпријатијата во општествена сопственост, сведоци сме на еден процес во кој разни домашни и белосветски бизнисмени се нафрлија на претпријатијата во државна сопственост и разните јавни и буџетски институции и како гладни волци на незаштитено стадо и нанесоа огромни штети. Се разбира ова немораше да се случи, доколку владите во

овој процес на транзиција создадоа механизми за заштита и менаџирање , значи многу подобро менаџирање со ваквите претпријатија и устаонви. Бидејќи, ваквите механизми и ден денес не функционираат, а поради бавноста и неефикасноста на судскиот систем, нефункционираат ниту судската заштита на овој државен имот, тогаш неговата приватизација се наметнува како неопходно решение во овој момент. Во овој контекст се јавува и тврдењето на опозицијата дека процесот на приватизација на ЕСМ е нетранспарентен и се одвива експресно. Се разбира, ваквите тврдења немаат никаков основ, затоа што процесот на трансформација е навистина транспарентен. Досегашните одлуки се донесуваат транспарентно, а и во овој случај на Парламентот му е доставен целосниот договор за терминска продажба на акции со сите комплетни прилози. Па, незнам за каква нетранспарентност станува збор. Ако добро се сеќавате ние во Македонија имавме договори за претприватизација кои беа целосна тајна и до кои беше невозможно да се дојде. Разните странски инвеститори ги застапуваа професионални глумци кои успешно ги играа своите улоги.

Второто тврдење е дека се работи за експресна продажба, исто така е неосновано, затоа што рокот за продажба на минимум 51% од акциите кои ќе бидат наменети за продажба, од 24 месеци воопшто неможе да се оквалификува како експресна продажба, а условот во овој рок да се заврши продажбата, само може корисно да влијае на нашата спора и неефикасна државна администрација, сите постапки да ги започне навреме, како би можело целокупниот процес да заврши во предвидените рокови. Поради сето ова јас позитивно ќе гласам за овој закон, бидејќи неговото донесување е услов да се продолжи веќе започнатиот процес за приватизација на ЕСМ. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Димитров.

Г-динот Крстевски има реплика од три минути.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Кога Парламентот носи закон за задолжување на државата, повежно е да се каже со кој степен е државата задолжена и дали може уште еден товар да издржи. Тоа е едно.

Второ, во кажувањата дека со овој кредит се започнува транспарентна приватизација на ЕСМ не држи само по себе, бидејќи парите ќе се користат за пополнување на билансите односно буџетот. Тоа е втора работа.

Трета работа, ова е скап кредит вака како што е понуден и многу правно комплициран договор, кој може да ја доведе Македонија во некои несакани позиции. Еднаш вака се задолживме како држава кога ги земавме парите од СОРОС, па тој си ги наплати 10 пати повеќе од тоа што беше. Значи, Македонија може да се задолжи ако и дошло да се задолжи. Оваа банка немој да кажувате дека е банка над банките, таа е само една од добрите банки во Европа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, г-дине Крстевки на кого му реплицирате, на министерот или на г-динот Ангел.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Не знам кој е министер овде и едниот и другиот како министер настапија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплицирајте му на г-динот Димитров, бидејќи тој не спомна дека тоа ќе биде во платен биланс, за тоа зборуваше министерот, а вие задоцнивте за да го слушнете министерот. Затоа, реплицирајте на г-динот Ангел Димитров.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Значи, со такви банки можела Македонија да склучи исто такви договори и веројатно можеби и со многу подобри услови, а не да се подметнува ЕСМ со акции.

Второ, ЕСМ самото да се задолжи ако во процесот на приватизацијата му потребни квалитетни средства, бидејќи има со што и да заложи, значи да ги услови. Според тоа мислам дека треба отворено да се каже што е целта на ова задолжување, тоа се дупките, билансните дупки што ќе се појават во буџетот на Република Македонија и тоа е разионално, треба да се пополнат и со позајмици. Подобро од тоа, одколку со девалвација или со позајмици од Народна банка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Ангел Димитров имате контра реплика.

Повелете, имате една минута.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Јас реков дека според ова се што го имаме, а навистина го имаме и договорот и овој закон што го донесуваме и целата комплетна документација е јасно дека не станува збор за задолжување и за кредит. Терминска или одложена продажба не е нешто ново и во нашиот закон за хартии од вредност е предвидена. Значи, постои момент на продажба кога денес ги земаме парите и ги трансферираме акциите, а може и термински во одреден период, ние после тоа сме должни да ги

трансферираме акциите. Затоа, сите оние кажувања на колегата дека се работи за ново задолжување, не држат.

Од друга страна, најмногу се кажуваше зошто пак сега во буџетот ќе одат парите и ќе се користат за сервисирање на долгови, а не се користат за трансформација на ЕСМ, исто така, не држи. Тоа не држи, бидејќи средствата во буџетот без разлика од кој извор се, немаат однапред одредена намена.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мавровски, вие сте на ред.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам.

Пред мене имаше уште многу но не ги прозивавте, но се е во ред. Пред мене имаше повеќе пријавени дискутанти, ама не ги прозивавте.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, тие се откажаа без коментари почнете со дискусија.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Добро, јас мислев дека ќе биде без коментари од ваша страна, но морам да искоментирам.

Г-дине претседателе, не го гледам министерот, после да не неможе да ме слуша и да реплицира, да го почекам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам претставникот на Владата да влезе во салата.

Продолжете г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратнеици,

Јас мислев дека министерот ќе излезе и ќе елаборира за законот и за договорот, очигледно е дека кај голем број од пратениците останаа доста прашалници, ако ги имам и јас, сигурно ги имаат и тие. Очекував дека ќе има објаснување на пооделни точки и ќе се обидам барем дел од тоа да се обидам во вид на прашања или очекувам една поширока елаборација од ваша страна, за да можеме да разјасниме пооделни делови од овој договор.

Дали Владата ги презеде сите неопходни мерки и анализи за да се излезе со предлог Република Македонија да ја задолжи за овие 45 милиони евра и при тоа да земе сериозни обврски во поглед на приватизацијата ЕСМ. При тоа, би рекол дека Владата не одговори на клучното прашање кое го поставуваме. Ако веќе сметате дека треба да има приватизација на ЕСМ, ако веќе сметате дека треба таа

приватизација да се изврши, сега или за 18 или 24 месеци, тоа е исто , тогаш објаснете ми која е стратегијата која стои зад вашиот план за приватизација. Која е програмата што сте ја предвиделе, кои се процентите што сте ги направиле, кои се моделите што сте ги испитале, а кој е моделот на кој што ние играме. Ако тоа не е познато, навистина, ако тоа никој не го кажува, нам ни станува јасно дека никој не го кажува заради тоа што таков план, таква анализа не постои. Тоа е страшно, да ви дојде Влада и да ви каже дека најголемиот бизнис кој може оваа држава да го продаде, ако сака да го продаде, дека го продава бес план, дека го продава без програма, дека го продава без дефинирана цел, тогаш ви станува јасно дека од оваа Влада повеќе или помалку не може да се очекува.

Мислам дека со овој предлог и со начинот на кој го браните односно не го браните, Владата го допира дното.

Кога зборуваме за стратегија, можеби некому му изгледа чудно, можеби некој ќе каже дека е стратегија да се продаде ЕСМ, да се земат пари, дел од тие пари можеби ќе ги земе државата, дел од тие пари ќе ги земат поединци. Тука нема многу филозофија.

Меѓутоа, првото прашање на кое можете да паднете на тестот на приватизацијата тоа е либерализацијата на реформите на енергетскиот систем е прашање на стратегијата. Веќе зборувавме еден случај е доколку сакама да добиеме пари за државата ако ни требаат итно, ако е Македонија банкрот и ако не може да најде никој друг сектор кој би и донел толку голема сума на пари и ако знае дека тие пари ќе бидат еднократни и ако знае дека тие пари не можат да се репродуцираат и дека ќе се потрошат дали за една, две или пет години, без разлика, смета дека тоа мора да се направи.

Значи, во тој случај би имале еден тип и концепт на приватизација, целата фирма би се продавала во комплет и на тој начин претпоставуваме дека би ја добиле најдобрата можна цена за ЕСМ.

Меѓутоа, во моментот никој во Македонија не кажува дека денес имаме такви услови, никој не кажува дека Македонија не може да ги исплати своите, а кажувате дека имате суфицит во Буџетот, еве пред некој ден господинот министер не убедуваше дека во моментот инвестициите во Република Македонија се некаде 196 милиони долари.

Втора причина или втора стратегија која би ја имале, доколку сметаме дека е единствен начин за да го заштитиме, зачуваме системот тој да продолжи да егзистира и да испорачува електрична енергија, доколку се соочува со сериозни

проблеми во испораката дека единствен проблем е да се продаде и таа грижа да му се префрли наприватниот инвеститор или на приватниот сопственик.

Меѓутоа, има многу држави во светот кои го имале тој проблем. Има држави во кои цели сектори, цели региони од државата немаат електрична енергија. Во такви сектори во држави во кои не можат да се најдат средства за такви инвестиции, се оди на вакво продавање. Меѓутоа, тоа во Македонија не е случај. Овој сектор функционира и ќе функционираше многу подобро да не беа сериозните политички мешања во работата на она што требало да биде професионален сектор.

Трета работа или трета опција за можна стратегија би било доколку Македонија, ЕСМ, Министерството за финансии и слични институции заклучат дака во Македонија или во македонската држава нема можност за нови инвестиции кои мора да бидат предвидени послед десет или петнаесет години. Македонија сериозно ќе се соочи со недостиг од електрична енергија. Ова е релевантна загрижност или ова е релевантна причина за грижа мораме да седнеме и да пресметаме колкави се потребните инвестиции во енергетскиот сектор во Македонија за да ги задоволат побарувањата планирани за 2010, 2015, 2020 година. Кои се тие инвестиции кои се оптимални и на крајот на краиштата кои се изворите за инвестирање.

Меѓутоа, тука имаме различни опции. Не мора да одите на целосна приватизација, можете новите програми или новите сектори, новите објекти кои ќе бидат во изградба да ги дадете на приватни инвеститори кои реално вистински ќе инвестираат во Република Македонија, а не само тоа што ќе откуат објекти кои се веќе постоечки и кои фуникционираат. Такви случаи се поттикнуваат и треба да ги поттикнува Македонската Влада заедно со ЕСМ.

Значи, случаи на независни производители кои ќе бидат независни инвеститори во делот на нови енергетски објекти. Меѓутоа во овој случај доколку го погледнете Предлогот на законот, доколку го погледнете Договорот, доколку ги слушнете оние ретки претставници на Владата кои нешто кажале за приватизацијата на ЕСМ, единствен заклучок кој ќе го имате дека всушност новиот инвеститор, ако таков има, дека нема да преземе никакви обврски за дополнителни инвестиции.

Има две ситуации. Една е да имате договор во кој ќе предвидите дека тој нов сопственик има обврска да инвестира толку и толку средства во секторот за наредните две години. Тоа е една работа.

Меѓутоа, сосема друга работа е ако таа обврска не ја предвидете со договорот, во тој случај стратешкиот инвеститор, може да се случи, воопшто да нема интерес да инвестира во нови објекти во Република Македонија. Електрична

енергија во Република Македонија да купува од некоја од соседните држави генерално од други држави и од други производители. Дали Република Македонија е заинтересирана да стане територија, земја, во која ќе се транспортира само електрична енергија до неа или евентуално низ неа, а нема да има ниту еден дополнителен производен капацитет и за тоа треба да се проговори.

Мислам дека ќе биде најнов случај затоа што нема човек во Македонија кој не зависи од услугата што ја нуди ЕСМ, нема човек, семејство, домаќинство, економски субјект или индустрија која на секој прво во месецот, секој последен ден во месецот, нема да се соочи со последиците на тоа дека ова Собрание дозволило монополот да стане приватен и тој приватен монопол да диктира цени што нему му одговараат и за кој никому не одговараат.

Прашање е дали сакаме да ја приватизираме дистрибуцијата. Дали сакаме целата дистрибуција одеднаш, дали сакаме целото производство одеднаш и тн. Една од многуте студии што беа направени за реформата на ЕСМ, еден од проблемите што го воочи во преструктуирањето е следниот недостиг на сеопфатен стратешки деловен план, за ЕСМ е многу сериозна пречка што ја подрива неговата способност за успех на функционирањето.

Прво, тоа е детектирано како проблем на неговото функционирање.

Второ, дека токму поради недостиг на овој сеопфатен стратешки деловен план на реформите на секторот дека заради тоа цената би се платила и во евентуалната лоша натамошна форма и евентуалната приватизација.

Денеска во своето излагање господинот министер кажа дека Владата била подготвена и веќе за два дена во понеделик ќе го направи она што еве министер од Владата го кажа кога тука со господата од Владата и господата пратеници од позицијата разговаравме за планот за преобразба на ЕСМ и јас ќе ви цитирам што тогаш господинот министер кажа:

Планираната динамика на Владата на Република Македонија за преобразба на АД “ЕСМ” е да го имплементира реструктуирањето почнувајќи од 1 јули 2004 година во периодот кој ќе следи во соработка со советникот на Владата на Република Македонија ќе се изготви моделот и стратегијата за приватизција, ќе се изврши вреднување на капиталот и ќе се подготви потребната документација за имплементација на приватизацијата на АД ЕСМ која ќе отпочне на почетокот на 2005 година со цел да заврши до крајот на истата година.

Денеска ако не се лажам сме 24 септември, веќе понеделник е 27, но уште од 1 јули помина доста време, вие кажувате дека тоа ќе го направите сега и веднаш

дури за два дена, дали тоа ќе биде така, вие знаете каде излегуваа вашите проблеми, со Законот за трговски друштва, ова што тогаш го предложивте како закон, едноставно го заборавивте и излегоа сите проблеми кои ги понудивте во евентуалната преобразба или реструктуирање на ЕСМ.

Значи, преобразбата што говоревме тогаш а за која ќе мора да ве потсетиме, затоа што составен дел на сите овие задолженија сигурно дека е преобразбата, тука е Регулаторната комисија, два работни фактори за кои апсолутно Владата до сега требаше да има решение и да знаеме на што сме.

Прво, ме радува што за кратко време пратениците од сегашнта позиција тогашна опозиција веќе го менуваат ставот и тоа што говореа дека ЕСМ е златното теле од кое државата и буџетот ќе треба да издвојуваат пари и дека 2002 година истиот овој кредит е одбиен токму на овој начин затоа што начинот за приватизација не бил транспарентен, дека се знаеле жиро сметките на одделни луѓе во Швајцарија. Сега ќе ве прашам дали тие жиро сметки примаат нови луѓе, дали се префрлени парите или не, еве вие на истиот начин се обидувате повторно со овие 45 милиони да направите нешто што ЕСМ ќе го донесе во подобра ситуација во однос на претходната проватизација. Тука не убедувате дека многу скоро, значи за 18 или тој период се стеснува до крајот на 2005 година ЕСМ ќе треба да биде приватизирано. Сега, ако не можеме да донесеме два акти во рок од една година каде треба да ја имаме делбата мислам на најобична делба, за која ни Владата не требаше да носи било каква одлука во тој закон затоа што ние зборуваме за АД кое и самото можеше да го направи сето тоа, но вие инсистиравте токму заради овој закон што денеска го имаме пред нас, за законот со кој Собранието на Република Македонија ќе биде гарант за овие 45 милиони евра.

Претходнот говоревме за уште еден таков кредит од 53 милиони евра кои повторно гарант е Собранието на Република Македонија а го зеде ЕСМ и кои 40 милиони во однос на далекуводот Штип-Бугарија “Червена Могила”, мислам дека повторно и покрај тоа што на крајот е спомнато дека не е составен дел од договорот за продажба, мислам дека се спомнува на неколку места, очекував дека министерот ќе даде објаснение токму за ова. Но, во секој случај ќе дојдеме и до самите точки од Законот кои би сакал да можам да ги презентирам. Во оваа ситуација моменталната состојба знаеме дека ЕСМ имаше три единици и тоа пренос, дистрибуција и производство. Со тој закон за преобразба или таканаречен закон за преобразба, за реструктуирање кажавме дека добиваме две единици и тоа МЕБСО и некое ново, но ниту тогаш, ниту сега не видов да дефинирате што ќе значи МЕБСО, дали значи

една контролна табла увоз-извоз на електрична енергија кој и како ќе ја прави за поседување на ХЕЦ, дали тие ќе останат за регулација и помош на диспечерот кој ќе треба да ги извршува овие работи и тука едноставно мислам дека имате тотална неодговорност за една ваква сериозна работа затоа што во самото реструктуирање кое ни го нудите, апсолутно ништо не се содржи, незнам освен овој потпис што го кажавте за понеделик, во меѓувреме имате неколку ставки кои апсолутно треба да бидат познати.

Прво и генерално кои ќе бидат и колку ќе бидат тие нови електростопанства на Македонија, уште колку такви ќе направиме во процесот на производството и на дистрибуцијата, тоа го немате кажано никаде како ќе биде поделено и што ќе биде поделено, тоа не го видов никаде.

Другото прашање дали е направена и дали имаме можност од господинот министер да бидеме запознаени колкава е моменталната пресметка на имот и тоа вкупната, колку е пооделно по единици, колкав е бројот на акциите од сегашната комплетна вредност која треба да ја имаат вработените, што моментално како податоци за сопственост има ЕСМ и вие како Влада за да може да понуди на продажба, затоа што секој што доаѓа, ова се 45 милиони евра кои ги барате за припомош за подготвување на ЕСМ за приватизција, а мислам дека ЕСМ чини многу повеќе. Дали на луѓето што ќе дојдат и ќе понудат средства за купување на одделни објекти од ЕСМ вие можете да им кажете дека катастарски е решено се, колкав е процентот на она што е решено, што се случува со вработените?

Можеби ви е смешно, но и во самиот договор кој го презентирате, ако некој го читал, многу јасно се гледа дека обврските на ЕСМ и вие како Влада посебно од вработените не треба да има никакви задолжувања поголеми од десет милиони евра.

Вие во процесот на приватизција или во процесот на реструктуирање кое го започ навте многу порано, барем така најавивте, исклучивте некаде 1100 луѓе од работа. Сега испаѓа дека во тоа време реструктуирање во ЕСМ немаше, значи се беше исто, вие за два дена треба да го обзнаните тоа реструктуирање и формирање на нови друштва.

Тие луѓе што беа исклучени од работа сега добиваат судски решенија за враќање на работа. Тие процеси пнатаму се водат, кои ќе бидат трошоците, колкави ќе бидат трошоците, незнам Министерството дали има претстава или ЕСМ за да ги презентираме евентуалните купувачи за знаеме колку ќе треба да се исплати отштета за оние што биле неправилно исфлени од работа.

Исто така не одговоривте колкав ќе биде процентот на акции, кажувате дека вработените ќе имаат на вкупната продажба, колкав е тој дел и дали ќе го има, бидејќи понатаму во самиот договор се исклучува и синдикатот преку кој единствено работниците можат да функционираат и сите одлуки што Собранието ги носи и синдикатот е елиминиран, за разлика од претходниот договор, каде што беше вклучен комплетно во транспарентната продажба на ЕСМ.

Која е гаранцијата дека и при приватизацијата работниците ќе ги задржат своите работни места, апсолутно за тоа не се говори никаде, ова се дилеми пред да почнеме да говориме за Законот треба да се проговори од повеќе аспекти, не се работи само за овие 45 милиони евра за кои вие ги презентирате како еден обичен кредит со кој после тоа почнува една транспарентна приватизција во која не знаете ни што ќе продадете, ни кога ќе продадете, ни за колку ќе продадете, тоа е големиот проблем, а сакате сето тоа да го направите за 12 месеци, што апсолутно мислам дека не може да биде.

Вработените излегуваат со свои барања и кажуваат дека со распродажбата на ЕСМ ќе следи голем број на отпуштања од работа, ќе ви се јават повторно нови социјалци, брзо и недомаќинско трошење на јагленот како национално богатство и ликвидација за скоро време на РЕК “Битола” и РЕК “Осломеј”. Јас во однос на овој дел апсолутно никаде не спомнувате што со рудниците? Дали се тие во производство, дали остануваат во сопственост на државата, тој сегмент дали го пропуштивте, дали воопшто не сте размислувале за таква ситуација или тоа директно со производните единици со термоелектраните, мислам дека тоа го должите затоа што во многу држави тие ситуации се решавани најразлично. Тоа значи понатаму поскапување на струјата, увоз на скапа струја од странство, шок за домаќинствата и стопанството, поскапување на сите производи и услуги и едноставно ќе биде скапо да се живее, а вие како министер за финансии ќе треба да кажете од каде пари.

Сега ЕСМ произведува електрична енергија по најниски цени во Европа можеби три пати пониски од европските, имаме конкурентен производ во пазарни услови, се обезбедуваат средства за стабилен и полно буџет и со овој број вработени, со ова цена на производот, фирмата работи рентабилно и значи за голем број млади и стручни кадри.

Што говорат искуствата на оние држави кои во меѓувреме го приватизирале нивното електростопанство, мислам за голем дел од нив знаете каква е ситуацијата во однос на генералното размислување, колку штета би се направило во нашето

стопанство со самото продавање на ЕСМ, конкретноста се состои во она што сите го гледаме генерален удар врз вработеноста, нискиот стандард на граѓаните, скап приватен киловат час и сето ова би предизвикало голем социјален удар затоа што не се работи само за цената на електричната енергија, затоа што индиректните зголемувања на цените на сите производи во кои струјата учствува со 5 до 15%, па сега можеме да пресметаме колку ќе биде вкупниот процент на поскапувања.

Значи, проблемот ќе се прекрши повторно на сите граѓани на Република Македонија кои ќе плаќаат поскапа струја, леб, облека, детергенти, а повраток од таа ситуација нема да има, затоа што сегашната социјална ситуација која во некои ситуации успева да ја покрие ЕСМ, тогашните газди или приватни сопственици апсолутно нема да го дозволат тоа.

Во моментот сакаме да говориме за повеќе такви приватизации или како останатите држави во Европа размислуваат по ова прашање, значи Словенија во скора иднина апсолутно не размислува за ваква приватизација, Словенија е веќе во Европската унија и овие услови дека ние треба да влеземе некаде и дека треба да работиме како некој ќе ни каже, мислам дека апсолутно не држи.

Понатаму, Хрватска која е на прагот на Европската унија имаше распределено акции и тоа 7% директно за бранителите, ние стигнавме до таму бранителите да ги избркаме од работа, 7% за вработените и пензионерите од нивното електростопанство, 15% повластени акции кои се продаваат на пазарот, но исклучиво за граѓани на Република Хрватска.

Последното и многу битно, ако не и најбитно, приватизацијата на Електростопанството на Хрватска ќе се изврши откако Република Хрватска ќе стане член на Европската унија.

Франција не сака да слушне за либерализација, а има производство, знаете и самите, најголемо во Европа.

Бугарија успеа да постигне голема цена за продажбата на дистрибуциите кои ги подели по одделни зони, ние сеуште очекуваме да ја видиме првата поделба на електростопанство кое вие го најавивте за два дена. Дали ќе ја видиме незнам или ќе почекаме, пак некој 1 јули.

Во СР Германија функционираат вертикално поврзани вакви објекти, значи производство, пренос, дистрибуција и тие остануваат и понатаму како големи системи, плус работат со телекомуникации, водоводни мрежи и останати работи.

И уште едно многу битно за кое никој не размислува, тоа е цената на електричната енергија, начинот на кој таа би се продавала и можноста, различни производувачи од различни производни единици да постигнуваат различна цена на производи. Тоа е она што очекувавме дека Владата ќе има барем почетни некои видувања кои ќе бидат многу јасни и транспарентни, за да знаеме што понатаму ќе се случува, исто така и вработените во ЕСМ и што понатаму ЕСМ може самото да направи и што ќе треба Владата да направи за да стигнеме, оваа “златно теле”, како што го викавте, сега да го продаваме, наместо да викаме дека е наше и дека ќе носи многу пари.

Со ова реструктуирање и сега што ќе го направите, да кажеме, како што и ветивте, за два дена, на состанок на Влада, дали тие две единици ќе функционираат коемрцијално, дали ќе имаат меѓусебни можности за наплата затоа што Регулаторната комисија, колку што знам барем до сега нема направено ниту тарифа, ниту регулација на истото.

Дали овие две единици што ги формираме се конкурентни меѓусебе? Апсолутно не се. Правиме поделба на она што функционираше и порано. Значи на вас ви требаат два формални услови за приватизација, Регулаторна комисија и реструктуирање. Тоа се прави проформа и тука се завршува.

Господата од Регулаторната комисија, за што и денес имаше точка на дневен ред каде што никој не проговори или не сакаше да проговори. Г-динот што го биравме веќе два месеци не е член на Регулаторната комисија, од 23 јули, денес е 23 септември. Ние го бираме, незнам со кое време, дали ќе биде 10 месеци, дали ќе биде 12 месеци, дали ќе биде повеќе од другите, но во секој случај, денес затоа го прашав и претседателот, многу точки се поставија на дневен ред на денешната седница, но не стигна нешто што го очекувавме и што е законска обврска на Регулаторната комисија, членот 6 кој го заменува членот 11-е од претходниот Закон во кој се кажува дека работењето на Регулаторната комисија, најдоцна до 1 октомври од тековната година, до Собраието на Република Македонија поднесвуа предлог на финансиски план на Регулаторната комисија, за наредната година, за усвојување, во кој се содржани сите приходи и трошоци на Регулаторната комисија, вклучувајки ги и платите на членовите. Од тоа не видовме ништо, видовме само едно барање за продолжување уште една година на член на таа Комисија. Она што беше основна работа и што треба да ја завршува Регулаторната комисија, и што сигурно треба многу да и помогне на Владата во приватизацијата на ЕСМ, не очекувајте дека без донесување на овие методологии и начинот за тарифниот

систем за електричната енергија, дека некој ќе дојде и ќе почне да купува делови од ЕСМ, а и ние не можеме тоа да го одлагаме нонстоп и на граѓаните да не им кажеме што понатаму ги очекува, што треба да очекуваат со овој нов тарифен систем, затоа што гледаме дека тарифиниот систем со наплата функционира, колку се движи по светскиот Пазар, мислам тоа го гледаме и како граѓани го плаќаме. Колку ќе биде со струјата, кажавме дека моментално имаме депласирана цена во однос на сите наши соседи, да не кажам за Европската унија. Еднаш треба да кажеме, ако вака играме, мислам дека не е во ред. Треба на граѓаните да им се каже што треба да очекуваат од Регулаторната комисија. Претседателот на Регулаторната комисија, некаде на почетокот на годината даде некои изјави, ако почне да се гради ХЕЦ Света Петка граѓаните ќе плаќаат повеќе и поскапа струја. После тоа излезе со изјава дека за 3 месеци методологијата и тарифниот систем ќе биде...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски три минути ви дозволив за Регулаторната комисија, да зборите.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Не за Регулаторната комисија, претседателе. Регулаторната комисија, е предуслов за тоа што ние го кажуваме, за приватизацијата. Регулаторната комисија, апсолутно не ги заврши своите работи за кои Владата не убедува дкеа ЕСМ е спремно во овој момент да оди на приватизација. Тоа сакам да го објаснам и тоа треба да го знаат сите. Регулаторната комисија, си зеде за право и беше нивна обврска, но сето тоа го пропушти. Апсолутно, во моментот не ја заврши работата за која беше формирана. Тука имавме убедувања дека тоа треба да го направат.

Кога зборуваме за либерализацијата, либерализацијата е апсолутно во ред, како процес. Мислам дека до крајот на 2005 година ние 100% треба да го направиме тоа и со реструктирањето не измислуваме ние топла вода, туку според регулативниот документ на ЕУ за градење на внатрешниот Пазар на електрична енергија со директивата од Европската комисија 2003/54, ќе мора да се вгради во законот. Тоа вие се обидовте да го вградите, но покрај таквото вградување ние добивме и некои членови на кои апсолутно не им беше местото тука за кои се коментираше, но вие ќе кажете што и како.

Ие во моментот кажуваме дека за 2-3 месеци треба да ги донесеме сите овие, заедно со советникот на Владата, тие 2-3 месеци видовме дека поминаа, уште 3-4

месеци и уште не е направена основната подлеба. Како систем се е во ред. Либерализација и преструктуирање, во ред. Но, како можете да одите на приватизација кога сите овие работи, за сите овие прашања што досега ги поставив, апсолутно нема никаков одговор, барем не го знаат ни вработените, а уште помалку македонската јавност. Значи не знаете како ќе продавате, што ќе продавате, по која цена ќе биде, дали ќе биде по пазарна или фиктивна и до кога ќе се подготви потребната документација за имплементација на приватизацијата на ЕСМ, која ќе почне на почетокот на 2005 година, како штокажувате, а ќе заврши до крајот на годината. Значи, вие сте спремни за 12 месеци се да продадете и тоа пресметано со цена што сигурно не ја знаете.

Тука би сакал да проговорам за некои сосојби кои моментално функционираат во ЕСМ, прет приватизацијата и на тоа прашање очекувам г-динот министер да ми даде одговор, колкава е вредноста на МЕПСО, затоа што тоа ќе испадне од вкупната вредност на ЕСМ, дали правно се е регулирано, дали за тие вработени во МЕПСО ќе следуваат акции од приватизацијата или апсолутно ќе бидат исфрлени од сето тоа, до каде е состојбата со вработените и што се се случува понатаму со наплатата на електричната енергија, затоа што ЕСМ си зема големи обврски, подига големи кредити кои, ако оваа приватизација се случи, незнам, освен гарантот, а тоа е Република Македонија, Собранието на Република Македонија т.е. државата. Ние ќе треба да ги враќа тие кредити затоа што со она што го имаме како договори кои ги потпишува ЕСМ, како земање на кредити, апсолутно враќањето треба да биде наша страна затоа што државата при продажбата на ЕСМ нема да има објект и субјект од кој би добивал пари.

Понатаму јас мсилам дека овој закон што ни е презентиран тука, заедно со договорот што министерот, едноставно кажа дека тука е договорот за терминска условна продажба на акции, пред приватизацијата на АД ЕСМ, претпријатие за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост. Би сакал да се задржам малку токму на овој закон, причините поради кој го донесувате. Тоа е законот за преобразба, закон кој беше презентиран пред пратениците и во кој, ако не се лажам во член 10 пишува дека овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник. Вие веќе го поделивте ЕСМ, кажавте дека тоа се Електростопанство на Македонија, АД за производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија во државна сопственост, АД- ЕСМ и оператор на електропреносниот систем на Македонија АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во

државна сопственост АД -МЕПСО. Значи тоа еднаш е направено, барем тоа Што го имаме како закон за преобразба и пренос и требаше да биде во важност, беше доставено до пратениците на 11.02.2004 година. Но еве сега сме септември. Ветивте за два дена ќе го направите тоа. Не се сомневам дека ќе го направите.

Понатаму кажувате дека склучувањето на договорот за терминска условна продажба на акции при приватизацијата, услов е Собранието на Република Македонија да донесе закон за гарантирање на враќање на средствата кои ЕБОРД ги става на располагање на Владата на Република Македонија во процесот на прет приватизација, за стекнување на акции при приватизација на АД ЕСМ.

Тука имаме повторно еден закон кој како и претходниот се состои од 11 члена, во кој на некој начин се заштитува, до колку во предвидениот рок од 24 месеци за приватизација на АД ЕСМ не се изврши приватизација на 51% од делот на АД ЕСМ кој е предвиден да се приватизира, до колку ЕБОРД искористи само дел од вкупниот износ од 45 милиони евра наменет за купување на акции и доколку приватизацијата на АД ЕСМ се откаже пред време и не се реализира поради околности кои не се пот контрола на Владата на Република Македонија незнам кои се тие околности, тогаш Република Македонија ќе ги сервисира целосно или делумно финансиските обврски кон ЕБОРД, по настанување на овие случаи. Значи тоа е членот 4.

Понатаму, кажавме дека тоа е земено со камата. Ако е грешката на страната на Владата на Република Македонија, по стапка од 2,5% годишно. Обврската да се платат тие можае да бидат 181 ден, веднаш после настанвуањето на релевантните случаи, или на 5 години во 10 еднакви полугодишни рати. Исто така кажав дека тоа треба да биде исплатата во Буџетот, и сето тоа е во ред.

Понатаму, она што очекував дека ќе го елабурирате, мислам дека требаше да објасните пред пратениците, прво интересот во самото образложение што го давате, интересот на ЕБОРД е ограничен на деловите каде вкупниот приватизиран пакет ќе биде најмалку доминантен, додека својот влог ЕБОРД го ограничува на мал процент акции кој нема да ги наруши управувачките права на стратешкиот инвеститор.

Преносот на средствата од ЕБОРД, на Владата за откупот на акции ќе се реализира во периодот од потпишувањето на договорот за приватизационата трансакција, во повеќе оддвоени последователни исплати од кои секоја е условена со исполнување на определена претходно дефинира и договорена фаза од реформите во електроенергетскиот сектор и од преобразбата на АД ЕСМ. Договорот не содржи формални ограничувања во поглед на намената, за која Владата ќе ги

користи овие средства. Значи Владата може да ги користи средствата каде што сака, значи нема ограничување.

Понатаму се кажува дека договорот е потпишан во Лондон, во периодот од 5 до 9 април 2004 година. При потпишувањето на договорот работеле 8 институции од Република Македонија , во Лондон и тоа министерот за економија и претставници од Министерството за економија, Министерството за фиансии, Министерството за правда, Секретарјатот за законодавство, Комисијата за хартија од вредност, Агенцијата за приватизација, АД ЕСМ и Електротехнички факултет од Скопје. Јас го гледам тоа што е дадено како образложение што го нуди Владата и како резултат на тоа преговорите поовој проект се водени и успешно завршени во периодот од 5 до 9 април 2004 година во Лондон, Велика Британија. Тоа е она што сите колеги пратеници кои го имаат законот, како образложение го имаат пред нив.

Понатаму јас би прашал нешто. Тука стои земјата застапувана од нејзината Влада и во сите други ситуации стои, земјата застапуван аод нејзината Влада и неговата екселенција министерот за економија г. Стефче Јакимовски, кој не го гледам тука, мислам дека требаше да биде присутен.

Понатаму, незнам сега која е таа земја, вели Владата на земјата, тука правиме некоја забуна, а јазикот на кој ќе се обрати земјата и Владата на земјата, е јазикот преведен на земјата, на англиски јазик, ако тоа го сака. Сега господа ова е предложено, договор, закон, во Собранието на Република Македонија, или ова е сега Собранието на земјата од Владата од земјата. За што сега понатаму треба да говориме да дефинираме работи кои министерот треба да ги образложи. На самиот старт, апсолутно неприфатливо за мене, затоа што незнам која е земјата, која е нејзината Влада, кое е нејзиното Собрание, јазикот. Апсолутно како да потпишува некој договор Влада и земја која никаде ја нема ни во ЕУ ни во светот. Ваква Влада и ваква земја не постои.

Во самите дефиниции, договор за пристапување, значи договор според кој новото претпријатие од ЕСМ ги презема обврските слични на обврските на ЕСМ, во согласност со договорот за обврзување на ЕСМ. Како г. министре, слични. Што тоа значи слични, а може да се формираат такви 10 или 20 нови претпријатија. Што е тоа, слични, исти, заеднички. Кажавте дека нема потреба од елаборација. Јас мислам дека треба.

Понтаму имаме располагање со средствата и е дефинирано дека повторно Атинскиот меморандум за разбирање е склучен помеѓу некои други земји на Југоисточна Европа, земјата и Европската заедница, како што повремено се

изменува и дополнува, или заменува со согласност или договори. И колегите пратеници од позицијата сега ќе говорат за Атинскиот меморандум. Сега јас ќе прашам која е земјата и не ќе може да ми кажат, дали ние сме тука или не сме тука, дали имаме направено некои работи од кои можеме да видиме дека, тука го имаме и договорот за заем, за далноводот од ЕБОРД каде што е прикажан и понатаму се говори уште на две три места, тоа е заем од 40 милијони евра кој влегува повторно. Не кажуваме дали тоа ќе биде дле од продажбата на акциите на ЕБОРД и тоа ќе стане веќе 85 милијони, или пак останува на тоа што вие тука го кажувате.

Понатаму имаме откупна цена по акција на ЕБОРД. За секоја приватизација значи најниска куповна цена по акција што ја плаќа инвеститорот во врска со таа приватизација. И уште многу вакви настани и стратегија за приватизација, не дефинирани работи. Многу битна работа, што ние за овие 45 милијони евра одиме во ситуација да не знаеме колкава е вкупната вредност на тоа што сакаме да го продадеме во ЕСМ, колкав е процентот на овие 45 милијони евра во вкупната оваа цена и сега поставуваме луѓе и си земаме тука за обврска во самиот договор дека тие луѓе ќе бидат набљудувачи, ќе бидат членови во сите управни одбори на постоечката делба на ЕСМ, во сите оние пооделни единици што ќе излегуваат од овој закон и сега што ќе се случува понатаму, тие може да бараат секакви податоци. Со овој закон ние едноставно им дозволуваме тоа да го нарпават.

Понатаму би ве прашал што значи објаснувањето, инвеститор. Тоа го давате. Инвеститор значи долгорочен стратешки инвеститор кој е искусен комерцијален оператор во која било од областите на производството на електрична енергија, снабдување, пренос и дистрибуција или козорцијум предводен од таков искусен оператор, соодветен за функционирањето на ЕСМ, или новото претпријатие на ЕСМ, како што тоа може да биде случај и кој поседува човечки потенцијал и финансиски средства, како придонес за позитивен развој на ЕСМ или на новото претпријатие на ЕСМ. Сега господа вие во вашето објаснување за овој закон што треба да го донесеме, се повикувате на Законот за преобразба, Законот за преобразба каде што го дефинирате инвеститорот и приватизацијата на АД ЕСМ, го имате во член 7.

Во членот 7 стои: “приватизацијата на АД Електростопанство на Македонија или на друштвата основани од него може да се изврши преку продажба на дел или на сите акции на АД Електростопанство на Македонија или на друштвата основани од него во една или повеќе трансакции на инвеститорот и тоа, преку продажба на малцински пакет акции со склучување на договор со меѓународни финансиски институции, преку тендер во кој е вклучена преквалификација на начин

и во постапка што ги пропишува Владата на Република Македонија и на друг начин утврден со закон" за кои беа и најголемите проблеми со членот 7.

Понатаму кажувате во став 2: "под инвеститор во смисла на став 1 од овој член се подразбира: а) било кое домашно или странско правно лице; б) меѓународна финансиска институција чиј капитал е во сопственост на повеќе суверени држави и во чиј основачки акти се јавува и Република Македонија како земја членка". Ова со ова што е предложено и прикажано тука апсолутно не кореспондира. Дали првото не е во ред, значи законот за преобразба, или договор. Објаснувањето мислам дека е должен да го даде министерот и можеби ќе ни објасни.

Понатаму, има многу прашања. Еве, ова се работи кои можеби министерот требаше да ги каже, но би се задржал на она што ги интересира луѓето што се вработени во Електростопанство на Македонија, каде што вие кажувате како се дефинирани некои претпријатија или деловни единици кои сега функционираат во Електростопанство на Македонија. Кажувате подружница, значи во поглед на некој субјект, секој друг субјект при што над 50% од неговиот капитал е во сопственост, директно или индиректно, на тој субјект или кој ефективно го контролира тој субјект. Сега кој е субјектот, што контролирате и колку ќе бидат тие 50%, бидејќи во моментот подружница е РЕК Битола и такви подружници се сите дистрибутивни центри во Република Македонија.

Понатаму кажувате друштво - како што бара контекстот - или Електростопанство на Македонија, ако истото не било предмет на успешна приватизација или секое новоформирано претпријатие на Електростопанство на Македонија кое не било предмет на успешна приватизација. Значи друштво ќе остане ако не се приватизира. Дали е тоа што вие го имавте предвид во сето ова? Мислам дека тоа не е тоа, но во секој случај вие знаете подобро.

И другите прашања, односно информациите кои треба да им ги дадете на вработените во Електростопанство на Македонија, бидејќи едноставно имате начин во кој кажувате дека треба да ги имаат правата, треба да им се дадат акции. Тие акции во прво време беа 10%, понатаму кажувате според законот, и така ќе биде понатаму. Мислам дека сето тоа стои во една никаква ситуација, дека едноставно нема ништо од сето тоа, за жал и сега кога се определува капиталот, ако можеме да го определиме капиталот, мислам дека треба да им се каже на вработените колкави ќе бидат и што е тоа што тие ќе го имаат како средства или акции кои треба да ги имаат во владеење и за кои ќе треба да се најде начин како ќе бидат вклучени вработените во новото Електростопанство на Македонија и уште колку такви нови

Електростопанства на Македонија, ве прашав неколку пати, ќе се формира. Понатаму давате некои конкретни цели, кои можеби вие ги разбирате, но тешко оди. Имате одобрение од Парламентот каде што се кажува дека за исполнување, испораката и извршувањето од страна на продавачот и од страна на Владата, на парламентарните одобренија не била и не била потребна согласност од било која наднационална или државна агенција, или регулаторно тело, или синдикат, работнички совет, или на било кое друго лице или организација што не е добиена и не е на сила на датумот од овој документ. Господа, со одобрението на Парламентот ги исклучуваме сите меродавни, и регулаторното тело за кое кажуваме дека е регулаторно независно тело надвор од Владата, и покрај тоа што Владата го формира. Понатаму синдикатот, за кој не сакате да говорите, па државни агенции за кои се залагаше госпоѓа Борозан, но го повлече законот. Мислам дека за ова останува да се зборува.

Во Прилогот 8 - “Список на изземени заеми” го спомнувате договорот за кој говорев дека неколку пати е спомнат за далекуводот Штип, Черена - Могила од 40 милиони евра, понатаму, овде апсолутно ништо не говорите за новите заеми, дали тоа ќе биде на Електростопанство на Македонија, дали повторно Собранието ќе биде гарант за новите 130 милиони евра, бидејќи кажувавте дека сите овие кредити се земаат за да можат да се добијат - барем така разбрав минатиот пат - чисти пари кои ќе се инвестираат директно во инвестиции во Рудникот Брод - Неотино, во подинските слоеви во Рудникот Суводол, понатаму во Рудникот Живојно итн.

Понатаму како мислите Електростопанство да се продава, кога во моментот задолжувањето со 53 милиони и овие 45 милиони евра веќе стануваат 100 милиони, најавата дека 45 милиони задолжување ќе биде за Хидроцентралата “Света Петка”, понатаму имате заем за изградба на новата централа “Бошков мост”, каде што господинот министер за економија кажа дека имало заинтересирани господа од Малезија и уште многу такви ситуации за кои говоревме, во ситуацијата десет под в) пишувате “завршување на ревитализацијата на 6 големи термоцентрали. Сега дали е грешка во пишаниот текст “хидроцентрали” или 6 големи термоцентрали во Македонија, јас не знам, можеби вие ги знаете подобро од мене, но такви нема. Значи можат да бидат хидроцентрали, термоцентрали никако. Мислам дека со овие средства кои Електростопанство на Македонија ги подига како кредити и заеми, од она што говорите дека со овие 45 милиони ќе направиме едно претпријатие кое ќе биде респектабилно кое ќе може да се продава на транспарентен начин, веќе 100 милиони евра вие имате од два кредити, каде

Европската банка за обнова и развој може да ги купи тие акции. Понатаму, колку ќе најдеме заинтересирани кога гледаме дека ова задолжување токму во оваа година се зголемува енормно и како Владата или пак Електростопанство на Македонија ванира, каде е начинот - едноставно не кажувате она што е најосновно: како мислите, дали мислите, колку се тие нови друштва кои треба да ги формира Електростопанство на Македонија, кои се средствата што треба да се одделат за вработените, кои се средствата за кои треба да и кажувате на Европската банка дека најголемиот заем што можете да го имате е 10 милиони евра и тоа е се што можете да го имате, а Електростопанство на Македонија може да се задолжи за околу 330 милиони евра. Вака бегло поминувајќи, кажувате дека за 12 месеци ќе имаме успешна транспарентна приватизација, а имаме веќе 6 месеци, не можете да ги поделите двете друштва кои се формирани со законот од февруари месец, сега веќе е септември и едноставно се сомневам дека можеме да направиме нешто транспарентно, а дека ќе биде така како што треба да биде не дека се сомневам туку јас сум сигурен дека нема да биде затоа што не знаете што, колку и како ќе продавате. Сакате да кажете дека ова што го нудите овде е толку транспарентно, толку очигледно, но не знам, изгледа и вие самите не знаете, затоа што вакви тешки формули овде применувате на крајот велите дека сето ова е толку едноставно и транспарентно.

Очекувам дека министерот ќе одговори на овие прашања и дилеми што ги имаме како опозиција, ако мисли да одговори и очекувам дека со ова Република Македонија ја задолжуваме со наредни 45 милиони евра, така што многу малку во процесот на претприватизација овие 45 милиони евра ќе можат да придонесат, затоа што со најавите за големиот број на кредити кои треба да ги подигне Електростопанство сега не знаеме дали понатаму ќе биде во државна сопственост или Електростопанство на Македонија ќе треба да го обновиме со 300 милиони евра и да го продадеме за 400 милиони евра. Мислам дека тоа треба да им се објасни на граѓаните на вработените во Електростопанство на Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мавровски.

Дали има некој за реплика?

Повелете господине Макрадули, имате три минути реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Добро е денес што имаме часовници и гледаме дека некој за 52 минути искажува многу невистини и паушални оценки, па просто е невозможно човек за три

минути да реплицира. Добро е што стенограмите од нашите седници ќе бидат на интернет и генерациите ќе можат да читаат кој во дадено време за што се залагал.

Господинот Мавровски практично како да читаше дел од дискусијата што ние ја имавме во период кога бевме во опозициај, а јас сега ќе прочитам што сум кажал на 15 јули 2002 година.

“Пред се, треба да се знае дека за да се оствари приватизацијата на Електростопанство на Македонија мора да се исполнат некои услови, како што се, пред се, реорганизацијата на Електростопанството и негова поделба на посебни холдинг компании во вертикала, производство, пренос, дистрибуција, диспечинг, како и усвојување на законска регулатива од областа на енергетиката која ќе кореспондира со законската регулатива на Европската унија”. Сум кажал дека “природниот тек на работите дефиниран со препораките, а дефинирањето на правилата на играта во тој процес на либерализација е во рацете на Регулаторната комисија за енергетика. Она што и вие велите дека Регулаторна комисија, тогаш сакате таа да почне да дејствува од 1.01.2003 година, а јас сум кажал на 15 јули 2002 во опозиција. Затоа се поставува прашањето како ќе се најде некој странски инвеститор да вложи во нашете Електростопанство и колку тука е спремен да плати ако овие правила на игра се дефинираат на 1.01.2003 година”.

Потоа, често ги мешате поимите  приватизација и либерализација, или пазарот и Електростопанство може да биде во државна сопственост. Друго е пазарот што мораме да го либерализираме, а правилата за либерализација ќе ги постави Регулаторната комисија, што вие тогаш не сакавте да ги поставите и што сакавте да ги продадете, како што напоменавте неколку пати, на купче и одеднаш.

Тоа е разликата, господине Мавровски и ние не ги менуваме ставовите. Нашите определби и тогаш и сега беа, прво, преструктуирање, законска регулатива преку Регулаторната комисија, а потоа влегување во целиот овој процес. Еве ги, стенограмите ги има, ќе бидат на интернет, можат сите граѓани да се уверат кој за што се залагал и кој какви тези во даден период застапувал, независно дале е позиција или опозиција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски, повелете една минута контра реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине Макрадули, вие се залагате за реорганизација и за регулативи за енергетиката и за либерализација за Регулаторна комисија. Што од тогаш е

изменето во однос на реорганизацијата, кога самиот министер кажува дека за два дена на Влада ќе го помине она што вие сте кажувале на 15 јули 2002 година, а сега е 24.09.2004 година. Значи поминаа две години, вие ништо не направивте.

Во однос на либерализацијата и јас ви кажувам дека пазарот и приватизацијата се две различни работи. Вие сега говорите за приватизација, за која што кажувавте дека Електростопанство на Македонија е златното теле кое никако не смее да се продаде. Тука е вистината, господине Макрадули и од тоа нема бегање. Регулаторната комисија за која говоревме, господинот претседател не ме остави да кажам, што сработи во оваа година и неколку месеци што Вие ја дефинирате како Регулаторна комисија сеуште немаме тарифа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете госпоѓо Борозан, имате збор.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Дозволете ми да ја вратам дискусијата по оваа точка на дневен ред и тоа онаму каде што тргна и каде што ја постави министерот. Во меѓувреме имавме една долга дискусија од колегата Спиро Мавровски, кој што впечатокот е дека искажа во таа дискусија се што воопшто знае или некогаш слушнал, што има било каква врска со Електростопанство на Македонија и навистина е тешко да се разбере ставот дека една гарнитура која што некогаш се залагаше за брза приватизација на Електростопанство сега почна да држи лекции во Собранието на Република Македонија за либерализација на центарот за преструктуирање и за сите оние работи за кои своевремено се залагаше сегашнава позиција и за еден процес со кој што постоечката владеачка гарнитура се зафати уште неколку дена по воспоставувањето на својата Влада во 2002 година.

Да не навлегуваме сега во тие дискусии, но сакам како што реков да се посветам на Законот што го имаме денес пред нас и да ги извлечеме главните факти кои се содржат во овој закон. Имено, се работи за закон за условна терминска продажба на акции од Акционерското друштво Електростопанство на Македонија. Значи, немаме никаков заем, не се работи за кредит, не се работи за било какво задолжување на државата, туку се работи за влог во малцински, повторувам малцински пакет акции од АД Електростопранство на Македонија.

Европската банка за обнова и развој, како меѓународна финансиска институција, со определена мисија да вложува во комерцијални развојни проекти, смета дека е добро и ќе направи добра инвестиција ако одредена сума од 45 милиони евра ја вложи во купување малцински пакет акции од АД Електростопанство на Македонија. Она што овој влог го комплицира е ситуацијата што во овој момент АД ЕСМ всушност не е подготвено за да се изврши негова продажба, а тоа, да потсетам само е затоа што сегашната Влада и сегашната владеачка гарнитура се откажа од претходниот концепт за брза приватизација на Електростопанство како вертикално интегрирано претпријатие или, за да биде појасно што кажува, се откажа од продажба на Електростопанство на Македонија какво е сега во форма на монопол, монополско претпријатие во оваа дејност, или она што би рекол мојот колега Јани Макрадули, од продажба топтан. Откако го направи тоа, го започна процесот за преструктуирање на претпријатието, кој процес трае веќе извесно време, бара големи напори и стручни ангажмани и воопшто време за подготовка на целиот тој процес. Во принцип, досега, во процесот на реформи во енергетскиот сектор се потрошени речиси две години и процесите веќе се финализираат онака како што објасни министерот со одлуката на Владата за скорешна поделба на претпријатието ЕСМ. Нема да навлегуваме подетално во самиот процес на реформи, во самиот процес на преструктуирање и во сите прашања кои ги постави колегата Спиро Мавровски, затоа што едноставно сметам дека Собранието не е место на кое се дискутираат овие прашања. Ваквите прашања може слободно оној што е заинтересиран, и граѓаните и јавноста, да се интересираат во Министерството за економија кое го води овој процес и повремено при повлекување на било кој клучен чекор од оваа постапка организира јавни расправи и информирање на јавноста.

Само кратко да потсетам за да го фокусирам вниманието на потребата од реформскиот процес. Најбитно во преструктуирањето во целиот овој реформски процес чија цел е разбивање на монополот на Електростопанство на Македонија на пазарот е одвојувањето на преносниот систем и управувачкиот дел од функцијата со цел понатаму да се даде законски мандат на сите производители и сите купувачи на електрична енергија да имаат транспарентен и слободен пристап до преносната мрежа, односно да се спречи евентуално монополско однесување на остатокот од ЕСМ продажба и снабдување со електрична енергија.

Понатамомшен клучен чекор во самата реформа е комерцијализација на остатокот од електростопанство, производството и снабдувањето со електрична

енергија. Тоа се дејности кои што се сметаат дека можат да бидат конкурентни и кои што се уредени во светот да функционираат на конкурентен принцип. Фокусот на Владата на Република Македонија во овој процес е комерцијализација на овој дел од стопанисувањето на електрична енергија во Македонија иако тоа не звучи во овој момент популарно воопшто мораме сите да се сложиме, да признаеме дека приватизацијата е еден од најефикасните методи за комерцијализација на одредени дејности. Значи, ние со овој закон зборуваме за вложување во електростопанство на Македонија, односно зборуваме за една од инвестициите кои што сите ние ги посакуваме и инсистираме на нив и бараме од Владата да преземе одредени чекори да ги направи. Значи, имаме ситуација во која што ЕБОР од една страна сака да вложи свои средства во Електростопанство на Македонија. Имаме ситуација во која што Владата сака да привлече инвестиции, да донесе инвестициони средства во државата и една ограничувачка околност дека процесот на трансформација на претприајтието сеуште не е завршен и таа трансакција не може да се одржи, да се направи веднаш во моментов. Заради тоа ЕБОР и Владата на Република Македонија доаѓаат до договор за еден ваков релативно комплициран финансиски аранжман, условна терминска продажба на акции од Електростопанство на Македонија со кое што ЕБОР ги вложува своите средства денеска, односно ги предава во одредени транши согласно со однапред утврден систем, распоред на одредници кои што сите значат исполнувње на одреден чекор од реформскиот процес, или одреден чекор од законски утврдената процедура за приватизација на претпријатие како што е Електростопанство на Македонија.

Она што е битно во овој момент е тоа што примарната мотивација на целата оваа постапка не е заем, значи не е доделување заем на државата, туку вложување на малцински пакет акции до комерцијалните дејности, а тоа се производството и дистрибуцијата на АД ЕСМ. Притоа, мотивацијата дополнителна за оваа инвестиција е поттикнување на реформските процедури, тоа се одредува со утврдените одредници кои што се наведени, кои што се составен дел од договорот, потоа комерцијализација на самото претпријатие и ЕБОР како реномирана финансиска институција со своето присуство, значи со својот влог во АД ЕСМ го подигнува кредибилитетот на претпријатието и исто така обезбедува одредено ниво на гаранции во безбедносна смисла за вложување на капитал во нашата држава. На тој начин бидејќи сите сме свесни за вредноста, за важноста на електроенергетскиот сектор во државата, со оваа инвестиција се подига кредибилитетот не само на АД ЕСМ, туку воопшто на целото стопанство на државата. Притоа, според мене она што

е важно во овој момент, тоа е листата на одредници, или услови за подигање на транши од влогот. И она што е битно во случајот е дека ЕБОР и Владата на Република Македонија имале своја преговарачка процедура во која што се согласиле дека токму исполнувањето на овие одредници по редоследот како што се тие дадени во потполност значи исполнување на реформските зафати кои што се потребни во секторот и во потполност значи една транспарентна процедура и законска процедура на приватизацијата на АД ЕСМ. Притоа, само да напоменам, таа иста постапка, таа процедура е потполно во согласност со листата или постапката која што СДСМ ја направи во својата предизборна програма, реферирајќи на Секторот енергетика и таа листа, објавувањето на таа листа е потполно во спротивност со наводите на опозицијата од скорешното барање за гласање на доверба на Владата во кое што се рече дека приватизацијата на ЕСМ е брза и нетранспарентна и притоа воопшто не се обиде да го направи тоа. За деталите на процесот на реформи и за процесот на приватизација стои атинскиот процес, стои меѓународната заедница, стојат скорешниот договор за основање енергетска заедница на југоисточна Европа, тоа се се работи кои што во овој момент не се погодни за дискусија во Парламентот, меѓутоа кои што значат во секој случај еден транспарентен процес на структурни реформи во Секторот за енергетика кои што во секој случај ќе доведе, крајна цел му е да доведе до сигурно снабдување на граѓаните на Република Македонија со електрична енергија со цени кои што одговараат на трошоците на производството во државата и избегнување, разбивање на поставен монопол во кој што еден приватник влијае на цената на електричната енергија по своја волја.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам,

Г-дин Мавровски за реплика се јавувате? Да.

Повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г-ѓа потпретседателке,

Еве слушнавме едно предавање од професорите, професорите така ги гледаат работите а мислам дека сето ова треба да произлезе од оние што работат и што ја прават електричната енергија. Ни кажавте за јавни расправи, јас ќе ве прашам, дали се повикани било кога луѓето еве барем раководните луѓе, од производните едници да учествуваат и да ви кажат кои проблеми тие ги имаат и како

гледаат, или пак да го искажат своето исккуство за приватизацијата која што ја виделе во некои држави и кои се нивните искуства.

Понатаму, кажувате дека Елкектростопанство на Македонија не е готово за продажба од друг страна говорите дека за 12 месеци и со овој закон што пред нас ни го нудите дека ЕСМ треба да се продаде. Време за подготовки ви беа потребни две години, а сега би сакал да ве прашам: Дали имате податоци дека катастарски со ЕС се е регулирано, дека вкупниот број на акции и вредноста нивна во електростопанство се знае. Колку нови ЕС ќе има на колку дистрибутивни центри ќе биде поделена Македонија или ќе биде еден центар и што со вработените. Понатаму кажувате дека вие направивте можност да го разбиете монополот. Госпоѓо Борозан, со ова ние добиваме пренос и диспечер, добиваме производство и дистрибуција. Кој е тука и кој монопол го разбиваме? Монополот на производтвото, имаме нов производител на Електрична енергија кој е вклучен во Република Македонија? Имаме нов дистрибутер кој што може да ја спроведе електричната енергија во Република Македонија за разлика од монополот што досега го имаше ЕСМ. Знаете и вие и јас дека тоа функционираше и пред тоа. Сега е направено проформа и незнам дали некогаш ќе профункционира. Во однос на Атинскиот процес и договорот што ви го читав, јас сега незнам дали сме ние земјата која што говори на некој јазик, или незнам кој и не знам дали се говори таму за Република Македонија, дека имам сомнеж во сето тоа, а малцинскиот пакет на акции кој што вие го давате и кажувате дека има предност во овој начин на приватизација, апсолутно ја носи ЕБОР во една голема предност и тука кажуваме дека се понатаму ќе биде транспарентно, останува да ви веруваме. Како ќе биде и што ќе биде ќе видиме како што многу работи се случуваат танспарентно пред 1998 година.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За контрареплика се јави г-ѓа Весна Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Токму така колега Мавровски, тука сме и ќе видиме што, како се случува во кое време и во која Влада. Само да ве потсетам, ве молам, не ми се обраќајте на таков начин, јас ниту го разбивам монополот, ниту го преструктуирам ЕСМ, у ште помалку имам намера да го продавам ЕСМ. Јас само заради својот професионален интерес ја следам постапката што ја спроведува Влада. И ако ме прашувате за лично мислење, мислам дека тоа добро го прави. Тоа не е само мое мислење, тоа е мислење на повеќето стручњаци од Европа и од Светот кои што се ангажирани во овој процес. Да ве потсетам само за таа намена уште претходната Влада има

ангажирано консултант тоа е Мајнел банка, австрискиот конзорциум тоа да го прави. Така што во принцип процесот е под контрола во најдобра можна мерка.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Никој?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Ги молам пратениците да влезат во салата, за да можеме да гласаме.

Заклучокот е следнот.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за гарантирање на враќање на средствата кои Европската банка за обнова и развој ги става на располагање на Владата на Република Македонија во процесот на пред приватизација за стекнување со акции при приватизацијата на АД Електростопанство на Македонија.

Ги молам службте да го утврдат бројот на присутните пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во салата се присутни 58 пратеници,

Ги молам пратениците да влезат во салата.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за гарантирање на враќање на средствата кои Европската банка за обнова и развој ги става на располагање на Владата на Република Македонија во процесот на претприватизација за стекнување со акции при приватизацијата на АД Електростпанство на Македонија.

Ве повикувам да глаame.

Гласале 60 пратеници, 54 гласале за, нема воздржан, 6 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата во моментот на гласањето беа присутни 63 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 55 за, нема воздржани, 5 против.

Во салата се присутни 65 пратеници,

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се пртресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 2.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Никола Поповски, министер за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Гласале 63 пратеника, 58 за, нема воздржан, 5 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точката 12. - Предлог на закон за стокови резерви.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, однсоно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 6 став 1, и на ставовите 3 и 4, член 7 став 1, член 10 став 1, член 23 алинеја 2, член 27 став 1, и на член 28 став 1 и 3 и на член 31 став 1, алинеја 3, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандман на член 3 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Аднан Јашари, Талат Џафери, Абдулаќим Адеми и Недим Рамизи поднесоа амандмани на член 3 и на член 9 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Почитуван претседателе, со оглед дека овој закон ги следеше сите фази на парламентарна расправа на почетокот во Парламентот дојде со позиција да имаме во стоковите резерви пет видови на основни стоки кои се потребни за животот на населението во Република Македонија во ситуациите предвидени со закон. Во меѓувреме со расправата прифативме и некои дополнувања од кои најголем дел беа иницирани од пратеници во Парламентот. Некои од нив и од пратениците од опозицијата во Република Македонија.

Со амандманот кој е поднесен и со наредниот амандман практично се зголемува бројот на стоки кои треба да се чуваат во стоковите резерви уште за три или четири, што сметаме дека ќе го разводни целокупниот концепт на законот во клучната одредба кои стоки во стоковите резерви е ги чуваме. И покрај прифаќањето од страна на Владата на маслото за јадење кое го прифативме како амандман, мислам дека е дури на истиот пратеник од претходната расправа во Собранието сега имаме амандман уште за други две.

Цениме дека тие воопшто не се битни за тоа што законот го дефинира за значењето на животот во Република Македонија, така што за жал не можеме да ги прифатиме тие две стоки во стоковите резерви и затоа амандманот го одбиваме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Караџоски, имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван министре, колеги пратеници,

Точно е дека во првата фаза разговаравме, дискутиравме по однос на овој закон. Мора да напоменам дека во таа фаза лично јас свртев внимание дека во членот 3 треба да биде додаден и тутунот, како и шеќерната репка како стокови резерви. И досега во стариот концепт овие два артикли постоеа во законот, но кога сме веќе кај тутунот би сакал да напоменам дека Владата има обврска на некој начин во членот 3 да го инкорпорира тутунот како дел д стоковите резерви, затоа што во Република Македонија сеуште е во важност Законот за тутун, а во тој закон Владата иницира една постапка - Предлог за донесување на закон каде што потоа следеше и Предлог на закон, мислам дека беше повлечен. Би сакал да напоменам каде е коалицијата или поточно спротивноста помеѓу овој закон и тој закон.

Членот 25 од Законто за тутун стои одредба во која што се вели “доколку откупните претпријатија не го откупат тутунот поради причини стечај, ликвидација и тн., за да не бидат оштетени тутунопроизводителите, државата, подочно Владата преку Бирото за стокови резерви тој тутун ќе го откупи во рамките на стоковите резерви”. Значи, сакам да напомеам дека таква одредба и таков закон е сеуште во правна сила.

Владата се обиде со измените и дополнувањата на тој закон во една фаза на Предлог на закон, по што го повлече од процедура тој член да го укине, но тој закон не помина на Собрание, што значи текстот што сега го кажав е сеуште во сила.

Сега што се случува? Сега имате одредба во која што се вели доколку откупните претпријатија не го откупат тутунот тоа ќе го направи Бирото за стокови резерви, а во Законот за стокови резерви го бришете тутунот како суровина која што треба да припадне во стоковите резерви. Јас би го прашал министерот, би го искористил тоа право, бидејќи откупната сезона на тутунот кога и да е набрзо ќе почне што ќе се случи ако откупните претпријатија не можат да го откупат тутунот зартади стечај, ликвидација, што тогаш ќе се случи? Дали ќе важи одредбата од членот 25 од Законот за тутун или ќе важи одредбата од член 3 на овој закон. Да е тука министерот за земјоделие можеби ќе ми одржи едно предавање од право и ќе ни каже дека посилен закон е Законот за стокови резерви, кое што воопшто не можам да го прифатам, затоа што во основа имаме две различни одредби. Сега тука Владата треба да најде решение - или да го смени Законто за тутун или во членот 3 од овој закон да ја внесе одредбата што јас ја предложив за да немаме спротивставени членови за да во праксата ако веќе ги применуваме законите да ги применуваме јасно и онака како што се нормира. Тоа е една од причините поради која го поднесувам овој амандман.

Втора причина е, повторно ќе потсетам, тутунот во Република Македонија е добро од општ интерес. Тутунот е стратешки производ за одредени региони во Република Македонија. Согласно Законот за тутун Владата на Република Македонија изготвува стратегија. Владата на Република Македонија се грижи за зголемување на производството, негов откуп, пласман и тн. Владата е таа која што треба да води сметка за таа култура да не изумре. Владата многу добро знае во каква состојба се наоѓа тутунопроизводството во Република Македонија и на овој начин ако се елиминира можноста преку Бирото за стокови резерви да се интервенира, јас мислам дека тутунопроизводителите ќе бидат оставени на милост и

немилост. За да не се случи тоа, тоа е втора причина поради која што го предлагам овој амандман.

Сакам да напоменам и уште една рабта. Да ги потсетам колегите кои припаѓаат на парламентарното мнозинство, особено оние кои што доаѓаат од партијата СДСМ ако, дека една од главните предизборни ветувања на оваа партија беше токму тутунот. Да ги потсетам дека таму стоеше тие како партија ќе водат сметка тутунопроизводството да го издигнат на повисоки рамки, на тутунопроизводителот да му дадат добра цена, заштитна цена и се она што подразбира развој на тоа производство. На овој начин далеку се отстапува од она што се вети, а да ги препуштиме тутунопроизводителите како што кажа премиерот Хари Костов на последната седница кога беше довербата на Влада дека и нив и не знам кои други ќе ги препуштиме на приватниците и дека не е Владата таа што ќе откупува и тн., мислам дека тоа не е решение и дека тоа ќе има подалекусежни последици.

Мислам дека ако Владата можела да прифати од првиот концепт,кој што го понуди во Законот за стокови резерви, оние пет производи кои што влегоа во член 3 и да прифати плус два, мислам дека нема да биде ништо ако и овој амандман се прифати.

Ако е проблем, бидејќи јас во амандманот предвидувам два артикли, шеќерната репка и тутунот, јас сум спремен доколку министерот го прифати само тутунот и во таков облик да го изменам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот за финансии.

Повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Како што кажав во воведното излагање кога го гледавме во прва фаза законот овој закон за стокови резерви врши целосна реформа во системот на стокови резерви. Тој систем веќе не се потпира на стокови резерви на државата кои имаат комерцијални или бизнис намери. Повеќе се базира или исклучиво се базира на намерите на стоковите резерви да можат да го обезбедат непречениот живот во Република Македонија во услови ако настанат, како што е тоа утврдено со членовите на законот, особено во членто 4 предизвикани услови на воена состојба, вонредна состојба, елементарни непогоди и други причини со поголемо нарушување на пазарот по исклучок.

Значи овој закон е малку со поинаква интенција и нема намера такви проблеми да решава.

За проблемите за кои се зборува овде постојат други закони и други мерки на економската политика, а не мерките на стокови резерви и тие Владата ги соопштила и ќе ги применува.

Во врска со двоумењето на господинот Караџоски кој член од законот ќе го применуваме ако се усвои денес овој закон ќе го упатам господинот Караџоски да го прочита членот 33 од овој закон, преодни и завршни одредби во кои ќе види дека во коализија на овојзакон со Законот на тутун веќе не е со преодната одредба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците кои што се излезени да влезат во салата.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 56 пратеници. Пет гласале за, 1 воздржан и 50 против.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници).

Јас знам дека е мачно ова што го правиме, но бидете и вие коректни и стискајте ги копчињата.

Бидејќи во салата се присуни 60 пратеници, го поништувам гласањето.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Во салата се присутни 60 пратеници.

Господине Караџоски ве молам влезете.

(Господинот Караџоски влегува во салата).

Бидејќи во салата се 61 пратеник го повторувам гласањето.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 52 пратеника, од кои 7 гласале за амандманот, нема воздржани, 45 против амандманот.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од пратениците Аднан Јашари, Талат Џафери, Абдулаќим Адеми и Недим Рамизи

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа со истито образложение.

Би сакал да потендирам дополнително дека во членот 3 каде што е напишано лекови и медицински потрошен материјал, тоа што е нужно во здравствена смисла за хигиената во медицинска смисла таму ќе биде опфатено, хигиенски средства за поширока употреба не го опфаќаме и затоа овој амандман не го прифаќаме,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Молам,  кој бара збор?

Има збор пратеникот Абдулаќим Адеми.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

И во првата фаза кога се дискутираше за потребата од донесување на овој закон ние како пратеници ги кажавме нашите забелешки околу проширување на листата на стокови резерви каде што ќе бидат опфатени и хигиенски производи. И во образложението што се дава од страна на предлагачот на законот се вели дека во овој закон се определуваат стоки кои што се од посебен интерес за животот на граѓаните за задоволување на потребите на граѓаните во вонредни ситуации, катастрофални ситуации и тн. и каде што се определува во член 3 листа на стокови резерви каде што хигиенските материјали недостасуваат и во овој случај.

Мислам дека во било која ситуација создадена и предвидена во член 4 хигиенските средства се многу значајни од аспект на хигиена и чистота. Исто така хигиенските средства се значајни во овој случај и како превентивна мерка за попречување на некоја евентуална епидемија која што може да се појави од недостаток на овие хигиенски средства.

Доколку тргнуваме од зборот “подобро да се спречи отколку да се лечи”, мислам дека овој амандман треба да се одржи.

Исто така пред неколку дена усвоивме и Закон за заштита од инфективни болести и мислам дека со овој амандман ние можеме да го дадеме својот придонес во правец на попречување на инфективни, заразни болести.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Талат Џафери, имате збор.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам господине претседател.

Во образложението дадено од министерот за концептот на законот јас целосно се согласувам со концептот кој се дава со Предлогот на законот за стоковни резерви кои треба да се чуваат и да ги организира Владата или државата, но од концептот на овој закон изразен во определбата на членот 4, а посебно имајќи во предвид дека ние денес на дневен ред имаме точка 19 - Предлог на закон за ратификација на Договорот за основање на  цивилно, за вонредна состојба каде е можната димензија на појавите природни и непогодите од природни и елементарни непогоди има и подрачна смисла. Во овој контекст мојата убеденост е уште појака во потребата на импликацијата за хигиенските средства и хигиенските материјали да се внесат како материјал во член 3 и во државните резерви да има ваква опрема и вакви средства. Тоа е токму од фактот што знаеме дека територијата на Република Македонија  во разни области одвреме навреме се соочува со поплави и како последица на честите поплави ние сме сведоци на последните поплави во јужното подрачје на Република Македонија, во Полог и тн.

Од контекстот на точката 4 и од тоа што е дадено во точката 19 од дневниот ред на денешната седница, уште еднаш ќе повторам дека образложението за прифаќање на овој амандман е уште појако. Затоа, анализирајќи ги овие закони и претходните закони за цивилна заштита, за заштита од елементарни непогоди, како и другите закони во оваа област, мсилам дека пратениците ова ќе го разберат подобро и ќе гласаат за овој наш амандман.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?(никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 15 за амандманот, нема воздржани, 44 против амандманот.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 поднесен од пратениците Аднан Јашари, Талат Џафери, Абудлаќим Адеми и Недиб Рамизи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете г-дине Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Почитуван претседателе,

Овој амандман се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Повелете г-дине Арсоски имате збор.

СЛАВЕ АРСОСКИ:

Добро, ќе бидам пократок, бидејќи времето веќе заврши.

Сакам да истакнам дека, колку и да е лош Законот, а навистина е добар овој Закон, го истакнувам тоа дека е лош бидејќи е ова битна проблематика што досега се регулираше со Законот за стокови резерви што беше од 1987 година. Токму со овој Закон, на еден дециден начин се регулиа ова прашање и прашањето на планирање, формирање, финансирање, чување, обновување и користење на стоковите резерви.

Без оглед што овој Закон и нашето законодавство го приближува со стандардите на Светската трговска организација и ЕУ, со овој закон стоковите резерви, како резерви што се од исклучително значење за секоја држава, па и за нашата држава, ги регулира на начин како и на кој начин истите стокови резерви можат да се користат и кои се стоки можат да бидат во контектстот на тие стокови резерви и со истите стокови резерви ќе се интервенира во, не дај боже, некои неприлики што можат да настанат во секоја земја, па и во нашата, од типот на елементарни непогоди или пак воени состојби итн. итн. Добро е со овој Закон, суштинско, што таа лепеза на стоки што досега беа застапени како стоки во стоковите резерви, драстично се намалува и навистина сега, како стоковите резерви ќе се водат, односно ќе се чуваат стоки што исклучително имаат или се од витално значење за населението во една земја во овие некои несакани последици што можат да настанат, а не да се чуваат стоки, како што беше досега, во еден широк спектар на стоки што се користеа и за разно разни намери. Ако видовте, пред некој ден во "Дневник" имаше оглас за продажба на стоки на Бирото за стокови резерви, па

можевте да видите што се таму се набавувало, можеби од кукли за деца па до трактори, со што можеби се правеле некои работи што не би требале да се прават.

За поздравување е што токму со овој Закон се регулира прашањето дали може со стоките од стокови резерви да се интрервенира на пазарот заради некоја побарувачка или ниекои инфлаторни тенденции. Со новиов закон ова прашање е decидно решено, дека со стоките од стокови резерви неможе да се интервенира на пазарот. Нормално, во едно пазарно стопанство не може стоките од стоките од стокови резерви да се употребуваат за таа намена. Или пак случајот, исфрлен со овој Закон, дека во досегашната практика се практикуваше, често пати од Бирото за стокови резерви се даваа позајмици на соодветни стопански претпијатија и субјекти кои што позајмици, често пати, за жал, истите не се враќаа или се злоупотребуваа. Сега, нормално, со овој Закон тоа право не се дава. Истите стоки, како такви, не може да се употребуваат, односно соодветни претпријатија да ги користат, а понатаму, како ќе ги вратат истите, тоа е веќе друго прашање.

Начинот на продажбата е решен со овој Закон, на кој начин. Тоа е преку јавна лицитација итн.

Многу е битен инспекцискиот надзор што се врши врз стоките за стокови резерви. Бидејќи таа лепеза е доста смалена, се знае кој го врши инспекцискиот надзор и треба да се води сметка дали во Бирото за стокови резерви е поминат рокот па навреме истите да се повлечат.

Еве на крајот, да скратам, веќе трпението на пратениците е при крај, дека казнените одредби се во согласност со тоа што треба и секој кој се огрешува во раководењето или чувањето на стоковите резерви треба да сноси соодветни санкциони мерки.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благлодарам.

Дали некој друг бара збор?

Повелете г-ѓо Којзеклиска, имате збор.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

И јас, во интерес на времето ќе бидам кратка почитуван претседателе.

Ние го имавме Предлогот за донесување на закон за стокови резерви пред извесно време. Пратениците имаа одредени забелешки на решенијата што беа

предложени во тој Предлог за донесување на закон. Некои од тие забелешки се вградени во Предлогот на законот за стокови резерви.

Меѓутоа, ќе се навратам на амандманот на колегата Караџоски во однос на структурата на стоковите резерви: тутунот, маслото за јадење и шеќерот, шеќерната репка.

Во образложението на Предлогот на законот стои дека "а конзумниот шеќер не е производ од витално значење за животот на населението". Во нормални услови, можеби и не е од витално значење. Меѓутоа, стоковите резерви се формираат од производи што се од исклучително значење за животот на на селението во Република Македонија, а се однесуваат за случаите на прекинато или недоволно снабдување на пазарот, предизвикано од воена состојба, вонредна состојба, елементарни непогоди, како и од други причини што довеле до поголемо нарушување на пазарот.Значи доколку ги дефинираме стоковите резерви како "потреби во исклучител;ни случаи од животот на граѓаните на Републиката и определени специфични ситуации" тогаш не можеме да ги маргинализираме ниту шеќерната репа, ниту, колегите од ДУИ ги имаат хигиенските средства, ниту тутунот. Тоа е во тој дел.

Во однос на надзорот, разработен е, со оглед на тоа кои видови на инспекорати се надлежни за кои делови од стоковите резерви, меѓутоа моја мала забелешка, можеби колегите ќе се согласат со тоа, а можеби и не, инспекцискиот надзор над стоковите резерви на нафтени деривати, се вели во ставот 2 на членот 28 дека пазарните инспектори се овластени да земаат мостри од нафтените деривати. Сметам дека за овие специфични видови на стокови резерви сепак треба да биде даден рок во кој што тие континуирано треба да вршат земање мостри и утврдување на квалитетот, дали е зголемен, дали е намален или има промени воопшто во квалитетот. Дали е 2 или 3 месеци.

Значи, најголемата забелешка во однос на овој закон е, тоа што не е влезен во членот 3, не е проширена лепезата на стоковите резерви со тие стоки што ги кажав претходно.

Мене уште ме буни, што го кажав и во првата фаза, го кажав и во оваа, и тука ќе завршам претседателе, во членот 14 вели дека во случај на стечајна постапка што се отвара над складиштар на стокови резерви, стоките на стоковите резерви имаат излачно право врз основа на Договорот за складиштарење, во количини и квалитет утврдени со Договорот. Сметам дека Владата си дава определен простор за манипулација, доколку дојде до отворање на стечајна постапка над складиштар

кој ги чува стоковите резерви во Република Македонија, меѓутоа факт е дека Владата, народски кажано, треба да отвори очи на чиј складиштар му дава можност да ги чува стоковите резерви.

И уште нешто, накратко претседателе, сосема за крај, во образложението на Владата беше дадено дека се напуштаат досегашните два принципи. Првиот принцип дека со стоки од стоковите резерви да се интервенира на пазарот, заради зголемениот обем на побарувачка и сузбивање одредени инфлаторни движења. Значи, тој принцип се напушта. Се напушта и принципот на институтот од законот на позајмување на стоки од стоковите резерви, затоа што во пракса се покажал како негативен. А, со новиот закон што ни го предлага Владата требало да се обезбеди ефикасност во функционирањето и управувањето со стоковите резерви.

Ќе се навратам на членот 3. Ако ние веќе зборуваме за лепеза на производи, на стоки во стоковите резерви во исклучителни случаеви и во опредлени состојби во кои ќе се најде Република Македонија, зошто тогаш на штета на ефикасноста на функционирането и управувањето со стоковите резерви не се даде можноста таа лепеза да биде проширена? Јас разбирам дека Владата сака да има економичност во формирањето, да ги минимализира трошоците на стоковите резерви, меѓутоа ако веќе сето тоа го прави, во интерес на стоковите резерви, тогаш барем да ја зголеми лепезата на стоки што сметаат за стокови резерви.

Благодарам претседателе што ме ислушавте.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓо Којзеклиска. Има и трета градација, сосема - сосема на крај.

Дали некој друг бара збор?(никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 58 за, нема воздржани, а двајца се против.

Молам служибте да го утврдат бројот.

(службите го утврдуваат бројот)

Во салта се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за стокови резерви.

**Минуваме на точката 13 - Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем и финансирање**

**наменет за забрзување на развојот на мали и средни претпријатија во Република Македонија кој ќе се склучи помеѓу Македонска банка за подршка на развојот и Кредитната банка за обнова од СР Германија, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Ве молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок.

Ги молам пратениците да влезат во салата. Законот е краток, има амандмани, сите амандмани се прифатени од Владата.

Молам сите пратеници да влезат во салата.

Во салата се присутни 59 пратеници.

Пред да поминам на гласањето по заклучокот ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи имаме уште четири минути.

Бидејќи е 17,00 часот , ја прекинувам седницата.

Претресот по Предлогот за донесување на закон е заклучен, а по заклучокот ќе гласаме во вторник во 10,00 часот бидејќи тогаш ќе продолжиме со седницата.

(седницата прекина со работа во 17,00 часот).